ДОМ

идната е
ЗЕЛЕНА!

# ПРОГРАМА НА ДОМ
# 2020 - 2024

# СОДРЖИНА


**1. ЗДРАВ И КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТНА ГРАЃАНИТЕ .................... 7**

1.1. АГЕНДА 2030 ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ........................................... 7

1.2. ЗЕЛЕНИОТ ДОГОВОР НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ............... 7

1.3. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА ........................................................ 8

1.4. ДЕМОКРАТИЈА ........................................................................ 12

1.5. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА................................................................ 14

1.6. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА, ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ............................................................ 17

1.7. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ........................................................ 26

1.8. ЗДРАВСТВО ............................................................................ 32

1.9. КУЛТУРА................................................................................ 34

1.10. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА............................................................ 39

1.11. МЛАДИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО................................................ 40

**2. АКЦИЈА ПРОТИВ КЛИМАТСКАТАКРИЗА............................ 45**

2.1. ПРОМЕНИ НА КЛИМАТА И ПЛАНЕТАТА ................................ 45

2.2. КОЈ И ШТО ЈА МЕНУВА КЛИМАТА?........................................ 46

2.3. ДОГОВОРОТ ОД ПАРИЗ ЗА БОРБА ПРОТИВ КЛИМАТСКАТА КРИЗА ............................................... 49

2.4. МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ГИ НАПУШТА ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА............................................................... 50

2.5. ПРАВЕДНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА.................................. 52

2.6. КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И АГЕНДАТА 2030 ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ............................................................. 53

2.7. АДАПТАЦИЈА НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ........................... 54

2.8. ДОМ ИМА ОДГОВОР НА КЛИМАТСКАТА КРИЗА ..................... 56

**3. НУЛА ЗАГАДУВАЊЕ И КОРУПЦИЈА ..................................... 59**
3.1. ЧИСТ ВОЗДУХ ..................................................... 59
3.2. КОНТРОЛА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ ..................................................... 62
3.3. НУЛА ОТПАД ..................................................... 66
3.4. ОДРЖЛИВ ТРАНСПОРТ ..................................................... 67
3.5. ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ ..................................................... 70
3.6. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ ..................................................... 71
3.7. ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА, БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ, ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..................................................... 73

**4. ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА И ЗЕЛЕНИРАБОТНИ МЕСТА ............ 79**
4.1. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ..................................................... 79
4.2. ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО ..................................................... 80
4.3. ЗЕЛЕНИ ПАМЕТНИ ГРАДОВИ ..................................................... 81
4.4. ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ ..................................................... 87
4.5. ХРАНАТА И ЕКОТУРИЗМОТ ..................................................... 89
4.6. ИНОВАЦИИ ..................................................... 92
4.7. ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА ..................................................... 93
4.8. ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ ..................................................... 95

# Почитувани граѓани, Зелените вредности се наша трајна визија!

Демократијата, владеењето на правото, борбата против корупцијата, почитувањето на човековите права и слободи, социјалната правда, солидарноста, заштитата на животната средина и климата се императив за развој на современо прогресивно општество. Овие вредности кои се меѓусебно длабоко поврзани во единствена целина, претставуваат извор на здрав и квалитетен живот на секој од нас. Нема демократија без почитување на човековите права и слободи, како што нема социјална правда без солидарност, ниту здрава животна средина без владеење на правото.

Взаемната поврзаност на овие хумани вредности ја пресликува меѓусебната зависност на целиот жив и нежив свет, како универзален принцип на природата. Желбата за супериорност над природата доведе до нарушување на природните законитости воспоставени низ милениумската еволуција и ги предизвика климатските промени. Тие се најстрашната закана за опстанокот на човештвото и нашиот единствен дом-планетата Земја.

Неопходно е напуштање на принципот „бизнис како и обично”, со кој се загрозува животот на милиони, за профит на поединци. Јавниот интерес мора да биде пред приватниот, а правото на здрава животна средина пред интересот на загадувачките бизниси. Досегашниот модел на линеарна економија со кој безмилосно се исцрпуваат природните ресурси, се поттикнува прекумерната потрошувачка и се продуцираат огромни количини отпад кој загадува, мора да се замени со зелената циркуларна економија, која фаворизира повторна употреба и рециклирање. Употребата на фосилни горива мора да биде заменета со обновливи извори на енергија. Иднината на енергетиката во Македонија е во масовната употреба на сонцето и ветерот како извор на енергија. Да ги заштитиме и сочуваме природните и културните богатства, зашто природата ни го дава, а културата ни го облагородува животот. Да го поттикнуваме органското производство на храна и да ги сочуваме автохтоните сорти, зашто чувајќи ги нив, го спасуваме светот. Да ја развиваме зелената економија наместо штетните загадувачки индустрии,

зашто тоа е единствениот начин истовремено да оствариме економска благосостојба и да ја сочуваме животната средина. Нашиот стремеж е фер и праведно општество кое нуди подеднакви можности за сите, солидарно општество во кое никој нема да биде заборавен.

Времето за дилеми одамна истече и затоа ние Зелените бараме Итна климатска акција, веднаш!

Заедно со Вас, продолжуваме посветено и чесно да се бориме за нашата Зелена иднина!

Со почит,
Маја Морачанин

# 1. ЗДРАВ И КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ

## 1.1. АГЕНДА 2030 ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Зелената партија ДОМ се залага за спроведување на глобалната Агенда 2030 за одржлив развој што во септември 2015 година ја усвоија членките на Обединетите нации. Агендата 2030 претставува глобална визија и план за акции што ќе обезбедат здрав, квалитетен и просперитетен живот на граѓаните, заштита на Планетата и зачувување на мирот во светот.

***Зелената партија ДОМ е посветена на спроведување на целите за одржлив развој поставени со Агендата 2030: 1) Борба против сиромаштијата; 2) Безбедна храна и одржливо земјоделство; 3) Квалитетно здравство и благосостојба за сите возрасти; 4) Квалитетно образование, развој на науката и доживотно учење; 5) Родова еднаквост; 6) Заштита на водите, квалитетно водоснабдување и пречистување на отпадните води; 7) Чиста и достапна енергија за сите; 8) Одржлив економски развој и достоинствени работни места за сите; 9) Одржлива индустријализација и поттикнување на иновациите; 10) Намалување на разликите помеѓу богатите и сиромашните; 11) Одржливи и отпорни градови; 12) Одговорна потрошувачка и производство и развивање на циркуларната економија; 13) Акција против климатската криза; 14) Заштита на природните живеалишта и на биолошката разновидност; 15) Борба против корупцијата, пристап до правда и изградба на институции во кои граѓаните имаат доверба.***

## 1.2. ЗЕЛЕНИОТ ДОГОВОР НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Зелената партија ДОМ, како членка на Европската зелена партија, го поздравува донесувањето на Зелениот договор од страна на Европската комисија во јануари 2020 година. Зелениот договор се стреми да ја трансформира ЕУ во просперитетно општество и конкурентна економија, којашто нема да предизвикува емисии на стакленички гасови во 2050 година и нема да зависи од експлоатацијата на природните ресурси. ЕУ предвидува дека транзицијата кон новиот концепт на економски развој ќе биде праведна и инклузивна. ЕУ ќе се грижи за луѓето, за реги-

оните чиишто економии ќе мора да се трансформираат, за индустријата и работниците што ќе се соочат со најголеми предизвици.

**Амбиција:** ***климатска неутралност до 2050, преку декарбонизација на производството на енергија, реновирање на зградите заради енергетска ефикасност, трансформација на индустриското производство заради намалување на емисиите истовремено вложувајќи во иновации, одржлив сообраќај и мобилност;***

**Биолошка разновидност:** ***Заштита на екосистемите и живиот свет, кои обезбедуваат храна, чиста вода, чист воздух и ги ублажуваат климатските промени;***

**Праведна транзиција:** ***мобилизирање на 100 милијарди евра за помош на различни засегнати страни за спроведување на нивните планови за транзиција;***

ДОМ ги повикува сите општествени чинители во Македонија да ја преземат одговорноста што оваа генерација ја има за намалување на климатските промени, загадувањето на животната средина и за спас на живиот свет.

## 1.3. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА

Зелената партија ДОМ ги поддржува евроатланските процеси на Македонија и се залага за афирмација и напредок на нашата земја на меѓународен план. Во меѓународен контекст ДОМ дејствува како зелена партија, промовирајќи ги зелените европски политики.

***Надворешната политика на Македонија подолг период наназад беше во втор план поради блокираноста на патот на нашата европска и евро-атлантска интеграција. Преспанскиот договор со Република Грција и Договорот за пријателство и соработка со Република Бугарија донесоа суштинска промена, особено во насока на успешното продолжување на процесот за зачленување во НАТО и за добивање датум за почеток на преговори со Европската унија.***

Македонската дипломатија активно е вклучена во многубројните политичко-безбедносни и економски активности на НАТО-пактот и на Европската унија, за кои ДОМ дава силна поддршка.

### 1.3.1. Евро-атлантски интеграции

#### Членство во НАТО

На последниот Самит на НАТО, на кој се одбележа и 70-годишнината од формирањето на Алијансата (Лондон, декември 2019 година), учествуваше и нашата земја. Македонија е 30-та земја-членка на овој безбедносно-политички пакт. Членството во НАТО ја гарантира нашата безбедност и го зацврстува нашиот суверенитет и интегритет. Придо-

бивка од членството е и поголемата сигурност на домашните и странските инвеститори и зголемените можности за развој на економијата.

### Членство во ЕУ

Зелената партија ДОМ од своето формирање има јасен став околу припадноста на нашата земја во европското семејство на земји и народи. Европската ориентација останува наша трајна определба и залагање.

ДОМ со своето учество во македонскиот Парламент и институциите на централната и локалната власт работи на исполнување на критериумите за зачленување во Европската унија, за почитување на европските демократски вредности и за целосен успешен развој на земјата.

### 1.3.2. ДОМ и Европските зелени

Зелената партија ДОМ во 2015 година заокружи еден од своите најважни политички циклуси: на есенското советување одржано во Лион, Франција, ДОМ пристапи кон Европската зелена партија. Во ноември 2017 година, на 27-миот Совет на Европската зелена Партија, што се одржа во Шведска, ДОМ стана полноправна членка со право на глас во донесувањето одлуки на сите нивоа и во сите политички органи и тела на Европските зелени.

По изборите за Европскиот парламент, што се одржаа во мај 2019 година, Европските зелени освоија 75 пратенички места (10%) и со тоа ги зголемија својата улога и влијание при креирањето и спроведувањето на политиката во рамките на Европската унија.

Зелената партија ДОМ е горда што е член на ова најпрогресивно политичко семејство во Европа и постојано учествува на состаноците и конгресите на Европските зелени. Македонија и нејзините граѓани имаат искрени пријатели во семејството на Европски зелени, кои безрезервно даваат поддршка на земјата на нејзиниот пат кон полноправно членство во Европската унија.

***Европските Зелени апелираат до членките на ЕУ дека ги исполнуваме сите услови за добивање датум за почеток на преговори со Европската унија. На 30-тиот Совет на Европските зелени, што се одржа во ноември во Тампере, Финска, во 2019 година, се усвои Резолуција за итно доделување датум за преговори со Македонија и Албанија.***

Експерти на Европските Зелени учествуваат на настани што ДОМ ги организира на актуелни политички теми. Нивното искуство, знаење и залагање е скапоцено за ДОМ при етаблирањето како единствена зелена партија во Македонија.

Одлуката на Европските Зелени 31-от Совет да го одржат во Скопје, во јуни, 2020 година, е уште една потврда за статусот што ДОМ го стекна во европското семејство на зелени партии заради доследните заложби и реализацијата на зелените политики во Македонија.

***Зелената партија ДОМ е активен дел од европското семејство на Зелените, значаен зелен политички фактор на Балканот и една од партиите лидери на балканското зелено движење. ДОМ презема иницијативи за заштита на животната средина и климата на Балканот. Само со отворена соработка, дијалог и со заедничка работа можеме да обезбедиме квалитетен живот на граѓаните во нашите земји и регионот во целина.***

### 1.3.3. Соработка со меѓународни институции

Зелената партија ДОМ се залага за поактивно вклучување на Македонија во работата на меѓународните организации и институции: Обединетите нации, ОБСЕ, Советот на Европа, регионалните иницијативи и договори со кои се унапредуваат сестраните односи на нашата земја со меѓународните субјекти. Тоа подразбира активно следење на меѓународните текови и давање придонес и белег, заради афирмирање на политиката на Македонија во однос на унапредувањето на демократијата, човековите права, граѓанските слободи, толеранцијата, како и доследното спроведување на зелените вредности и политики.

***Зелената партија ДОМ инсистира на стручни и професионални кадри во дипломатско-конзуларните претставништва.***

Во тој контекст треба да се нагласи и сериозниот проблем околу кадровската политика во Министерството за надворешни работи, поточно околу прашањето на изборот на стручни и професионални кадри во нашите дипломатско-конзуларни претставништва. Од нивниот професионален пристап кон работата ќе зависи и успешното претставување на земјата на меѓународен план, што е значајно за афирмација на нашата политика за сеопшт одржлив развој, за добрососедска соработка и за решавање на проблемите преку дијалог и со дипломатски средства.

### 1.3.4. Добрососедски односи

ДОМ ги смета за приоритет добрите односи со соседите, со земјите на Западен Балкан и со земјите на Југоисточна Европа. Овие релации треба постојано да се развиваат и унапредуваат во насока на стабилен и континуиран регионален развој. Соработката на политичко-безбедносен, економски и културен план е во интерес на сите држави. Зелената партија ДОМ се залага за поголема координација на земјите од регионот со Европската унија, за да се зачува мирот, безбедноста и стабилноста и да се поттикнува развојот и напредокот на земјите од регионот.

Потпишувањето на Преспанскиот договор со Република Грција и Договорот за пријателство и соработка со Република Бугарија, придонесе за надминување на извесни политички бариери и недоразбирања. Истовремено, овие договори ги отстранија политичките пречки на патот на нашето европско и евро-атлантско интегрирање.

***ДОМ предлага да се одржуваат двапати годишно тематски форуми на високо ниво за размена на информации и искуства за јакнење на регионалната соработка. Темите на регионалната соработка може да опфатат заштита на климата и животната средина, како и прашања од областа на безбедноста, економијата, културата, образованието и друго.***

### 1.3.5. Односи со дијаспората

ДОМ смета дека е неопходна долгорочна стратегија за заемна соработка и комуникација помеѓу институциите кои се задолжени за иселениците од Македонија и претставниците на македонските иселенички организации. Фокусот треба да биде ставен на заемна соработка, што значи дека таа стратегија треба да биде договорена во рамките на дијалог и заемно разбирање, а не наметната само од една страна. Во тој контекст, треба да соработуваат претставници на македонските иселенички организации, претставници на Агенцијата за иселеништво, Одделението за иселеништво при МНР, пратениците од дијаспората, министерствата и невладини организации.

Зелената партија ДОМ инсистира на суштинско и сеопфатно поврзување со дијаспората како обврска и грижа на Македонија за своите граѓани што живеат надвор од земјава и на потенцирање на економските, политичките, културните и меѓународните димензии на врските со дијаспората.

ДОМ се залага за зајакнување на Агенцијата за иселеништво, која уште поинтензивно ќе ја промовира политиката на обновување и зацврстување на односите со иселениците и за водење попрецизна база на податоци.

***ДОМ смета дека треба да се преиспита техничкиот начин на гласање и избор на пратеници од дијаспората, со оглед на големите финансиски трошоци и предлага гласањето да се одвива по електронски пат, како што тоа, впрочем, го сугерира и дијаспората.***

### 1.3.6. Транспарентна надворешна политика (парламентарна дипломатија)

Зелената партија ДОМ се залага за транспарентно водење на надворешната политика на земјата преку овозможување на учество на граѓанскиот сектор. Особено треба да се обрне внимание на парламентарната дипломатија, како отворено дејствување на народните избраници и своевидна контрола при имплементацијата на надворешната политика. ДОМ смета дека водењето на надворешната и безбедносната политика бара постојана координација и затоа е потребна поголема активност во рамките на Собранието.

Парламентарната дипломатија е високо развиена демократска форма на надворешна политика што дава можност граѓаните на Маке-

донија посредно да имаат свој придонес во оваа значајна сфера на политичко дејствување. ДОМ верува дека ваквата демократизација на надворешната политика може да биде во интерес на земјата и инсистира на поинтензивни контакти и соработка со Европскиот парламент, како и со парламентарните тела на НАТО, на Советот на Европа, на ОБСЕ и со Интерпарламентарната унија.

### Приоритети на ДОМ во надворешната политика

- Целосно и успешно вклучување во безбедносниот систем на НАТО, како 30-та полноправна земја-членка, започнување преговори со Европската унија и натамошно продлабочување на односите со Унијата;
- поактивна улога во меѓународните организации (Обединети нации, Совет на Европа, ОБСЕ и други регионални политичко-економски иницијативи);
- натамошно развивање на добрососедските односи врз база на заемен интерес и во согласност со потпишаните договори;
- постојан контакт и поврзување со дијаспората и со младите лица кои во последниве години во голем број заминуваат од земјава на школување или на работа во странство и
- развивање на парламентарната дипломатија и поопштествување на надворешната политика со широко учество на граѓаните и цивилниот сектор, заради создавање помоќни контролни системи врз дефинирањето и спроведувањето на нашата надворешна политика.

## 1.4. ДЕМОКРАТИЈА

### 1.4.1. Демократизација на изборниот модел

Напуштањето на изборниот модел со шест изборни единици и воведување на моделот Македонија - една изборна единица со отворени листи и 50% жени на листите е решение за надминувањето на бипартизмот и демократизација на општеството.

Овој модел е долгогодшна заложба на ДОМ, кој беше предложен и одбиен повеќе пати во Парламентот. Во 2019 година во Собранието 15 пратеници од 10 партии и независни пратеници го реафирмираа ова барање. Тие сметаат дека отворените листи ќе ги демократизираат партиите и ќе создадат силни пратеници и советници, избрани непосредно од граѓаните, со што ќе бидат посамостојни и поодговорни претставници на граѓаните.

***ДОМ бара демократизација со промена на изборниот модел: Македонија како една изборна единица, со отворени листи, со 50% жени и мажи на нив.***

***На тој начин ќе престане доминацијата на големите политички партии и зависноста на сите други партии од коалицирањето со нив, за да може да ги реализираат своите програми. Промената на изборниот модел ќе овозможи фер услови секоја партија или независен кандидат самостојно да настапи на избори, со своја програма и кандидати, а граѓаните ќе може да изберат според идеолошките платформи и квалитетот на програмите и кандидатите и соодветно да бидат претставени во Парламентот и Советите.***

## 1.4.2. Активно граѓанско учество

Во периодот од политичката криза во 2015 година, граѓанскиот сектор е добро организиран и информиран. Влијанието на граѓаните во политичките текови е зголемено. Во 2016 се изработи *Предлогот на граѓанските организации за итни демократски реформи,* а во 2017 година тој беше надграден. Целта на овој предлог е да даде поттик, насоки и детални активности кои се неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, за постигнување напредок во одредени области од јавните политики, како и за враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции.

ДОМ има одлична соработка со граѓанскиот сектор. Иницијативите на граѓанските организации, пратеничките од ДОМ ги преточија во измени на законската регулатива, а советниците во приоритети во работата на единиците на локалната самоуправа.

***ДОМ даде целосна поддршка и континуирано се бореше заедно со еколошките граѓански иницијативи против отворањето рудници за метални суровини Казандол и Иловица-Штука. Заедничката борба резултираше со затворање на овие два рудника и законска забрана, предложена од ДОМ, за отворање нови рудници од отворен коп кои употребуваат цијаниди и сулфурна киселина.***

***Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање од ДОМ вклучи претставник од граѓанска иницијатива во изработката на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот.***

***Пратеничките на ДОМ во соработка со граѓанските организации поднесоа и спроведоа голем број амандмани на Законот за урбанистичко планирање со цел да се овозможи урбан развој што ќе ја унапреди животната средина и здравјето на граѓаните.***

***Во соработка со невладиниот сектор пратеничките на ДОМ овозможија измена и на законската регулатива со цел унапредување на човековите права и заштита од дискриминација.***

ДОМ ќе продолжи интензивно да соработува со граѓанските организации, бидејќи тие се наш природен сојузник при креирањето и спроведувањето на зелените политики.

### 1.4.3. Слобода на говор

Слободата на говор и изразување е основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Концептите на граѓанство и плурализам се неостварливи без можноста за слободно изразување на мислата и објективниот натпревар на спротивставени политички идеи. Толеранцијата спрема мислата на другиот и различниот, овозможува коегзистенција во современите мултикултурни општества.

Слободата на говор, без страв јавно да се изразува критичко мислење е една од суштинските промени во општеството во последните неколку години. Ова е показател дека се зголемува демократскиот капацитет и се подобрува институционалната поставеност на демократијата во општеството.

За жал, слободата на изразување се злоупотребува, се почесто се користат лажни вести и говор на омраза во јавната комуникација.

***Зелената партија ДОМ се залага за слобода на изразувањето, но го осудува и бара санкционирање на говорот на омраза што се користи во јавната комуникација, особено на социјалните мрежи.***

***ДОМ силно се посветува на подигање на свеста на граѓаните за препознавање лажни вести и казнување за нивно ширење.***

## 1.5. ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Основната премиса на демократскиот развој се остварува преку унапредување на системите на владеење на правото. Тоа значи дека секој граѓанин е одговорен пред законот, вклучително и законодавците и оние на владини позиции. Владеењето на правото е од суштинско значење за одржлив и инклузивен економски раст, искоренување на сиромаштијата и примената на правото на здрава животна средина.

Унапредувањето на владеењето на правото ќе се оствари преку имлементација на:

- Управување преку владеење на правото и неселективна правда;
- Градење на човечки капацитети во институциите заради владеење на правото
- Независно, непристрасно и ефикасно правосудство, како гаранција за владеење на правото;

### 1.5.1. Неселективна правда

Веќе со години човековите права се нарушуваат во правосудството, односно граѓаните не добиваат ефективна правна заштита пред пра-

восудните органи. Голем процент од граѓаните сметаат дека не постои еднаквост пред законите, односно дека судиите носат пресуди заради материјална корист.

Се уште судските постапки траат предолго, неретко предметите застаруваат, а трендот на неказнивост на политички функционери и бизнисмени продолжува.

### 1.5.2. Даночна евазија

Уште една појава во општеството ги прави граѓаните нееднакви пред институциите на системот, а тоа е одбегнувањето да се платат даноци спрема државата, особено од страна на успешни бизнисмени. Притоа се пропушта да се пријави вршење дејност, не се пријавуват приходи кои подлежат на оданочување, се прикажуваат непостоечки расходи за да се намали даночната основа, се избегнува плаќањето царина преку шверц или подмитување на576 царински службеници и др.

Незаконската евазија, покрај тоа што директно влијае врз намалувањето на даночните приходи, истата значи и нерамноправна положба на економските субјекти, нивен нееднаков третман и создавање на не фер конкуренција. Најчесто тие што избегнуваат плаќање на даноци се добро поврзани со претставници на институциите и со политичари и на таков начин добиваат конкурентска предност пред обичните граѓани.

### 1.5.3. Реформи во системот

Правосудниот систем мора сериозно да се реформира за да се овозможи владеење на правото и граѓаните да добијат поголема правна сигурност. ДОМ силно ги поддржува реформските процеси во правниот и правосудниот систем.

### Приоритети на ДОМ во однос на владеење на правото и борбата против корупцијата

- Бескомпромисна борба против корупцијата во сите сегменти од општеството и зајакнување на капацитетите во институциите;
- посебна заштита на правото на сопственост за секој граѓанин преку носење на нов закон за сопствено правни односи, каде што нарушеното владение ќе се смета за престап;
- ветинг на судиите и обвинителите;
- реформирање на Академијата за судии и јавни обвинители врз принципот на Институтот на овластени ревизори, за добивање искусни кадри и експерти;
- воведување Еколошко право на факултетите за правни науки, на факултетот за безбедност и на Академијата за судии и јавни обвинители;

- избегнување на застарување на судските предмети, а во тие случаи трошоците да бидат на товар на авокатот, судијата и обвинителот, а не на буџетот;
- казнување на оние кои шират лажни вести и предизвикуваат несигурност и страв кај секој поединец и субјект и
- модификација на законите од секоја област заради воведување на разбливи и јасно применливи неспротивставени законски одредби.

### 1.5.4. Борба против еколошкиот криминал

Еколошкиот криминал е глобална закана за Планетата и за идните генерации. Еколошките криминалци ги вршат следните илегални активности:

- Нелегално горење и депонирање на отпад;
- нелегална трговија и прекуграничен промет со отпад (опасен и неопасен);
- недозволено (инцидентно) испуштање на загадени отпадни води;
- надминување на граничните вредности за емисии во воздухот, водите и почвите;
- нелегална сеча на дрво;
- недозволен лов и риболов и
- трговија и прекуграничен промет со заштитени видови на фауна.

Трговијата со отпад и заштитени видови ги користи истите меѓународни рути што се користат за шверц на оружје, дрога и луѓе. Најчесто еколошкиот криминал оди рака под рака со трговијата со лажни патни исправи, корупција, перење на пари и други криминални активности.

### Приоритети на ДОМ во однос на борба та против еколошкиот криминал

- Зајакнување на инспекциските органи заради нивна подготвеност за откривање на еколошки криминал;
- зајакнување на органите за истражување на еколошки криминал, односно професионализација на службите на Министерството за внатрешни работи и на јавните обвинители;
- вклучување на експерти во истражните тимови;
- акредитација на централна лабораторија во Министерството за животна средина и просторно планирање за откривање и докажување на дејства поврзани со еколошки криминал и
- воведување на Еколошко право на факултетите за правни науки, на факултетот за безбедност и на Академијата за судии и јавни обвинители.

## 1.6. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА, ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

### 1.6.1. Социјална правда

Социјалната правда и солидарноста се едни од основните зелени вредности и клучен предуслов за развој на просперитетно инклузивно општество. Затоа ДОМ се залага за намалување на социјалната нееднаквост, искоренување на сиромаштијата и обезбедување еднакви можности за сите. Социјалната правда и правичното оданочување одат рака под рака. Секој треба да го плати својот фер дел за заедничкото добро. Ние Зелените сме посветени на борбата против даночната евазија и даночните измами кои му нанесуваат штета на нашето општество и на финансирањето на системот на социјалната заштита. Потребни ни се зелени инвестиции во јавната инфратруктура, јавните добра и услуги.

***Во изминатите неколкугодини се реализираа низа мерки за намалување на социјалната нееднаквост. Со измени на законот за минималната плата, преку 90.000 граѓани добија 60% повисоки плати. Со измените на Законот за материјално обезбедување на невработените лица, поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, право на надомест од државата остварија над 11.000 граѓани.***

***Со усвојувањето на Пакетот закони за социјална и детска заштита и социјална сигурност на стари лица, во 2019 година започна спроведувањето на социјалната реформа за трајно извлекување од сиромаштијата на најранливите категории граѓани. Социјалната помош се зголеми за 300%, а се олесни и пристапот до детски и образовен додаток заради намалување на детската сиромаштија.***

***Континуирано се спроведуваше процесот на деинституционализација и сите деца до тригодишна возраст од големите институции се префлени во мали групни домови или згрижувачки семејства.***

Иако невработеноста во државата постојано се намалуваше, таа се уште е висока и изнесува 17,1% и нејзиното намалување и натаму останува сериозен предизвик.

### Приоритети на ДОМ во областа на социјалната правда

- Зголемен опфат на граѓаните кои се во социјален ризик со активни мерки за вработување;
- зголемени финансиски средства за обуки и прекфаликација на невработените лица со цел стекнување знаења и вештини за нивно активно вклучување на пазарот на труд;
- подобрување на информираноста на граѓаните за активните мерки за вработување;
- продолжување на процесот на деинституционализација;

- унапредување на работничките права;
- забрана за работа во недела и државни празници;
- јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд;
- зголемена транспарентност на работата на Државниот инспекторат за труд со задолжително објавување на извештаите од инспекциските надзори на нивната веб страна;
- поддршка на синдикалното организирање;јакнење на капацитетите на Центрите за социјална работа;
- имплементирање на принципот управување со случај-еден социјален работник континуирано да се грижи за потребите на семејството во социјален ризик;
- создавање база на податоци на граѓански здруженија на локално ниво кои даваат социјални услуги на граѓаните;
- подобро информирање за социјални услуги кои се нудат на државно и на локално ниво;
- обезбедување домување за социјално ранливите категории граѓани
- психолошка поддршка за граѓаните со социјален ризик;
- издавање лични документи на сите лица кои нив ги немаат; ;
- перманентно ажурирање на статистичките податоци за евиденција на лица кои се во социјален ризик;
- програми за едукации на образовно-воспитниот кадар во детските градинки и училиштата за превенција и препознавање на психо-социјалните проблеми кај децата и семејствата;
- програми за подигнување на јавната свест за проблемите од социјална заштита и промовирање на концептот за квалитетно живеење и
- програми за разбивање социјални предрасуди, игнорирање и дискриминација.

## 1.6.2. Човекови права, еднакви можности и недискриминација

### Недискриминација

„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви според достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и свест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството“ (чл. 1, Универзална декларација за човековите права, Париз 1948 година).

Зелената партија ДОМ цврсто верува во фер и праведно општество во кое секој има еднакви можности и ги има истите права, без разлика на неговата родова, етничка, религиска, сексуална или друга определба. ДОМ истрајува во бескомпромисната борба против било кој облик на дискриминација и повреда на човековите права и слободи.

***ДОМ даде огромен придонес во носењето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација кој овозможува ефикасна заштиа-***

***та од било кој вид дискриминација и во кој првпат родовиот идентитет и сексуалната ориентација се експлицитно наведени како основа за дискриминација. ДОМ се залага за негова доследна имплементација.***

## Приоритети на ДОМ во областа на унапредување на човековите права и недискриминацијата

- Унапредување на човековите права, особено на маргинализираните групи (ЛГБТИ, Роми, лица со попреченост и др.);
- целосно имплементирање на Законот за недискриминација;
- избор на професионална Комисија за спречување и заштита од дискриминација;
- борба против стереотипите, предрасудите и стигматизацијата;
- борба против говорот на омраза, преку измени во Законот за медиуми со нагласка на интернет порталите како медиуми;
- јакнење на капацитетите на јавното обвинителство и полицијата за делата порзани со говор на омраза;
- допрецизирање на Кривичниот законик во однос на делата поврзани со говорот на омраза
- измени на Законот за полиција и на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, заради ефективно казнување на полицајци кои прекршуваат човекови права;
- борба против национализмот и ксенофобијата;
- воведување програми во воспитно - образовниот процес за почитување на човековите права и различностите;
- ревизија на учебниците и отстранување на содржините со стереотипи и предрасуди и
- учество на јавни настани за промоција на човековите права и недискриминацијата.

## Права на жените

- Унапредување на правата на жените и родовата еднаквост се приоритет на ДОМ. Во изминатите три години се реализираа неколу клучни приоритети на ДОМ во контекст на унапредување на правата на жените:
- Се ратификуваше Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство;
- се донесе нов Закон за прекин на бременоста со што се обезбеди почитување на волјата на жената и непречен пристап до легален и безбеден абортус;
- се отворија нови градинки и се воведе двосменска работа во градинките, за што родителите покажаа интерес и со што се овозможува баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот на жените и

- двете пратенички од ДОМ поднесоа Предлог закон за измена на Изборниот законик за една изборна единица, без праг, отворени листи на локалните избори и 50% жени и мажи на пратеничките и советничките листи, со патент модел.

***Примената на принципот на родова еднаквост овозможува поголема вклученост на жените во сите сфери на општествениот живот и прогрес на целото општество. За да се овозможи практично функционирање на принципот на родова рамноправност, неопходна е целосна имплементација на правата на жените како човекови права и елиминирање на сите форми на дискриминација на жените.***

## Приоритети на ДОМ во областа на правата на жените

Заради унапредување на правата на жените и родовата еднаквост, веднаш по Основачкото собрание на ДОМ во 2006 година е формиран и активно дејствува Форумот на жени на ДОМ. Во 2019 година се одржа четвртото Изборно собрание на Форумот на жени на ДОМ, на кое се усвои Програмата на Форумот за следниот четиригодишен период, со следните приоритети:

- Активно учество на жените во политичкиот живот
  - Воведување квота за најмалку 50% (50+%) жени во органите на партијата;
  - измени на Изборниот закон со воведување на квота за најмалку 50% жени, на избирачките листи за парламентарни и локални избори и квота за најмалку 50% жени кандидатки за градоначалници;
  - воведување квота за најмалку 50% жени министерки во Владата;
  - воведување квота за најмалку 50% жени во управни и надзорни одбори, комисии и тела во надлежност на централната и локалната власт;;
  - промовирање на постигнатите ефекти како резултат на активноста на жените-политичарки;
  - промовирање на женските граѓански и политички права и
  - ефикасна заштита и спречување на дискриминација на жените
- Економско јакнење на жените
  - Спроведување на родово одговорно буџетирање;
  - зголемување на фондовите за финансиска поддршка и економско јакнење на жени претприемнички, рурални жени, самохрани мајки и обезбедување обука за користење на тие фондови;
  - поттикнување на деловен успех, деловна култура и деловна етика на жените;

    - развивање на мерки за активна улога на жените на пазарот на труд, со фокус врз “зазеленување” на националната економија и создавање нови “зелени” работни места
    - промоција на жени успешни претприемнички;
    - формирање Фонд за поддршка на неформалниот бизнис сектор и жените од руралните средини (рурален туризам, традиционална храна, занаети, ракотворби);
    - достапни едукации од областа на бизнис, менаџмент и маркетинг за жени;
    - обезбедување баланс на приватниот и професионалниот живот на жените со овозможување повеќе опции за флексибилно работно време по избор на жените (работа од дома, работа во одредени денови), зголемување на бројот на градинки, како и на градинки кои работат во две смени, воведување родителско отсуство со вклучување на мажите;
    - намалување на родовиот јаз во платите;
    - спречување на мобинг на работното место и
    - подобрување на работничките права на жените, посебно во приватниот сектор.
- Жените и климатските промени
    - Зголемување на свеста за влијанието на климатските промени на жените како ранлива категорија;
    - зголемено учество на жените во креирањето на политиките за климатски промени и
    - зголемен пристап на жените до финансиските средства наменети за климатските промени.
- Социјална грижа за жените
    - Борба против родово базирано и домашно насилство;
    - целосна имплементација на Истанбулската конвенција и усогласување со другата законска регулатива;
    - борба против стереотипите, предрасудите и говорот на омраза спрема жените;
    - продолжување со обуките за родова еднаквост на наставен кадар, судии, обвинители, полиција и јавната администрација;
    - грижа за ранливите групи (стари лица, лица со посебни потреби, деца без родители, самохрани мајки);
    - воведување волонтерска работа во вид на проектна активност во средните училишта за посета и помош на лица кои имаат потреба;
    - политики за поддршка на жените од трето доба и
    - унапредување на правата на ЛГБТИ и на лицата со посебни потреби.
- Здравствена заштита на жените
    - Подобрување на условите за здравствена заштита на жените;

- задолжителна примарна здравствена заштита во руралните средини;
- подобрување на здравствената едукација на жените;
- унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жените
- обезбедување пристап до гинеколог за секоја жена во урбаните и во руралните средини и
- намалување на менструалната сиромаштија.

- Образование и наука на жените
  - Кампањи за потребата од образование на жените;
  - обезбедување неформално образование за жени со незавршено задолжително образование;
  - организирање курсеви, семинари и работилници за стекнување одредени вештини заради полесно вработување и
  - зголемена поддршка на жени научници.
- Грижа за децата и младите
  - Овозможување бесплатна здравствена заштита на децата и младите до 18 годишна возраст;;
  - кампањи за потребата за образование на децата, особено во руралните средини;
  - сеопфатно сексуално образование на младите;
  - поттикнување и поддршка на децата и младите да се занимаваат со спорт- поттикнување и афирмација на воведување на женски спортски тимови;
  - различни форми на стимулирање на ученици и спортисти и
  - воспоставување содржини за човекови права, еднакви можности, недискриминација и прифаќање на различностите во образовните програми и во учебниците.

### 1.6.3. Права на ЛГБТИ лицата

Унапредување на правата на ЛГБТИ лицатаи нивна заштита од дискриминација, насилство, говор на омраза и стигматизација се во фокусот на зелените политики на ДОМ.

Во Собранието во 2018 година првпат се формира Интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата, а за координаторка на групата беше избрана претседателката на ДОМ, Маја Морачанин. Во Извештајот на Европската комисија формирањето на оваа група беше нотирано како напредок во областа на човековите права.

Во тесна соработка со невладиниот сектор, групата активно дејствуваше во усвојувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација во кој сексуалната ориентација и родовиот идентитет се експлицитно наведени како основи за дискриминација. По амандманска интервенција на пратеници од групата, сексуалната ориентација и родовиот идентитет се внесоа како основа за дискрими-

ција и во Кривичниот законик и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пратеничките од ДОМ учествуваа и во медиумската кампања за подигнување на јавната свест против дискриминација, насилство и говор на омраза спрема ЛГБТИ лицата “Не суди кој кого љуби”. Поставувајќи пратеничко прашање до Премиерот, Маја Морачанин јавно се заложи за овозможување правно признавање на родот на трансродовите луѓе.

***Во 2019 година првпат во Македонија се одржа Парада на гордоста.***

***Во пресрет на првата Парада на гордоста во Скопје на 29 јуни, МОДОМ уште еднаш ги потенцира потребите за почитување на основните човекови права на лицата од ЛГБТИ заедницата, имајќи предвид дека тие се уште се цел на говор на омраза, насилство, дискриминација и нееднаков третман.***

***На парадата пред учесниците се обрати координаторката на ИППГ за правата на ЛГБТИ луѓето, Маја Морачанин.***

## Приоритети на ДОМ во областа на правата на ЛГБТИ луѓето

- Целосна имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- усвојување Закон за матична евиденција за правно признавање на родот засновано врз самоопределување;
- санкционирање на говорот на омраза и насилството врз ЛГБТИ лицата ;
- елиминирање на меѓуврсничко насилство-булинг;
- учество во кампањи за подигање на свеста за проблемите на ЛГБТИ лицата;
- ревизија на учебниците и отстранување на стереотипи, предрасуди и дискриминирачки содржини за ЛГБТИ лицата;
- воведување задолжително сеопфатно сексуално образование;
- правно регулирање на истополови партнерства преку граѓанско партнерство;
- овозможување услуги за медицинско прилагодување на родот покриени од ФЗОМ и
- ефикасна и ефективна заштита и санкционирање на дела од омраза засновани врз сексуална ориентација и родов идентитет.

## Права на луѓе со попреченост

Една од најголемите категории на ранливи групи во земјата и приоритет во Програмата на ДОМ се лицата со попреченост. ДОМ се залага за целосна инклузија на лицата со попреченост во согласно со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со посебни потреби, која е ратификувана од нашата држава. Во целост ја следиме максимата на луѓето со попреченост “Ништо за нас, без нас”.

Со реформите во системот на социјална заштита се унапредија правата и се овозможија подобри услови и зголемена социјална помош за лицата со попреченост. Се воведоа две целосно нови услуги за лицата со попреченост - Лична асистенција и услугата Домашна нега. Правото за попреченост се прошири и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголеми и изнесува до 50% од просечна нето плата. Процесот на деинституционализација овозможи најголем дел од лицата со попреченост од големите нехумани институции да бидат префрлени во мали групни домови каде што добиваат континуирана асистенција.

***Во 2019 година Собранието усвои Декларација за правото на политичко учество на лицата со попреченост. Пратеничките од ДОМ, како членови на ИППГ за правата на лицата со хендикеп добија Признание за придонес и несебичен ангажман за унапредување на правата и еднаквите можности на граѓаните со хендикеп.***

## Приоритети на ДОМ во областа на правата на луѓето со попреченост

- Целосна инклузија на лицата со попреченост во сите сфери на општеството и овозможување тие да ги имаат сите човекови права;
- усогласување на законската регулатива со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост;
- зголемено учество на лицата со попреченост во политичкиот живот;
- комплетно реализирање на процесот на деинституционализација;
- доследно имплементирање на законите за просторно и урбанистичко планирање и за градење, во делот на обезбедување непречена мобилност и пристапност за лицата со попреченост;
- обезбедување пристапна инфраструктура и инвентар (лифтови, соодветни столици, тоалети) во образовните, здравствените, културните, туристичките и други објекти;
- елиминирање на стереотипите, предрасудите и дискриминацијата на луѓето со попреченост, со акцент на потребата од соодветни програми и содржини во воспитно-образовниот процес
- измена на Законот за прекин на бременост заради обезбедување слободна одлука на лицата со попреченост;
- целосна инклузија на младите лица со попреченост;
- зголемување на бројот на соодветно обучени лични и образовни асистенти;
- овозможување зголемена информираност на лицата со попреченост со задолжителна употреба на знаковен јазик и титлување и

- препознавање на лицата со попреченост како ранлива категорија во адаптацијата на климатските промени

### Права на лицата од трето доба

Трендот на стареење на населението е глобален феномен. Во светски рамки проценките се дека до 2030 година луѓето на возраст над 60 години ќе бидат застапени со 16%, а до 2050 и до 21%. Состојбата во Македонија не е поразлична. Учеството на возрасното население (65 и повеќе години), според податоците на ДЗС, изнесува 12.5%.

***ДОМ се залага за солидарност, промоција и почитување на правата и достоинството на лицата од трето доба. Целта е да се обезбеди целосно и еднакво користење на човековите права и слободи на повозрасните жени и мажи.***

### Приоритети на ДОМ во областа на правата на луѓето од третото доба

- Забрана на дискриминација врз основа на возраст, што опфаќа забрана за маргинализација и повреда на нивните права;
- формирање регионални државни установи за нега на лица од трето доба со нарушено здравје или оставени без грижа, кои не поседуваат доволно финансиски средства;
- формирање сервис за нега и снабдување со основни животни продукти на лица од трето доба;
- формирање социјална служба за грижа на лица од трето доба;
- формирање локални клубови за дружење на сениорите;
- формирање мрежи на сениори за квалитетен социјален живот;
- спречување произволно или дискриминаторско одбивање или рационализација на здравствени и други услуги;
- Услуги за поддршка на жртвите на насилство и злоупотреба;
- поддршка за самостојно живеење и вклученост во заедницата и
- спречување насилство и злоупотреба на лица од трето доба, со што ќе се гарантира правото на повозрасните луѓе да бидат ослободени од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или негрижа, напуштање, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи и финансиска експлоатација.

## 1.7. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Досега донесените две стратегии за образование бавно се имплементираат. Во меѓувреме постојано се прават реформи без претходно направени сериозни анализи. Зголемувањето на периодот на задолжително образование од 12 на 13 години се спроведе без

учество на јавноста и без анализа на оспособеноста на наставниот кадар. Преку реформите е извршена децентрализација на надлежноста за образованието, но не се развиени соодветни капацитети. Училишните директори имаат значителна одговорност за управување со човечките ресурси, меѓу кои и за избор, разрешување и оценување на наставниците. Меѓутоа, автономноста на директорот во одлуките за вработување е ограничена поради притисоците да се ангажираат наставници врз основа на политичка припадност. Согласно со постоечката законска регулатива, квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегрална евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и со оценување на работата на наставниците и директорите.

Кабинетите за примена на информациски и комуникациски технологии кои се неопходни за поголем број предмети, се застарени и тие треба да се обноват.

***Образованието во Македонија бележи најниски резултати од учењето во Европа и на Западен Балкан. Слабите резултати од образованието ги ограничуваат можностите за вработување и егзистенција кај многу поединци и го попречуваат економскиот развој. Млади луѓе се иселуваат од земјата од различни, причини меѓу кои и заради стекнување подобро образование или вработување. Најмногу се иселуваат лица со завршено средно образование.***

Министерството за образование изготви нов Закон за основно образование со кој се уредува:

- правото на бесплатно и квалитетно основно образование и воспитување во основно училиште;
- заштитата од дискриминација;
- можноста во основното образование да се вклучат и возрасни лица;
- обезбедувањето стипендии и посебна поддршка на учениците;
- можноста образованието да се организира и да се остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови;,
- формирањето инклузивни тимови во основното училиште, ангажирање образовни медијатори и/или образовни ментори за учениците од ранливите групи и
- професионалната ориентација на учениците.

Овој Закон беше донесен во 2019 година и се уште не може да се видат извесни подобрувања. Во многу училишта недостасуваат основни ресурси. Според извештаите, во една третина од училиштата се потребни големи зафати за реновирање, а подрачните училишта и училиштата кои работат во неколку смени се соочуваат со инфраструктурни проблеми. Голем број училишта работат во повеќе смени за да обезбедат повеќејазично образование, што во многу случаи е непродуктивно и

неисплатливо. Македонија распределува многу мал дел од вкупните расходи за капитални трошоци во образованието (5.2%), споредено со просекот од 9% во земјите на ОЕЦД.

***Училиштата располагаат со ограничени ресурси за поддршка на учењето, а наставничките факултети не обезбедуваат основни компетенции за настава кај новите наставници. Наставниците добиваат помалку стручно усовршување во споредба со други земји. Постојат големи диспаритети помеѓу урбаните и руралните региони.***

### 1.7.1. Основно образование

Недостасуваат стандарди коишто би требало да ги дефинираат резултатите од учењето во секој циклус на образованието. Наставниот план е преоптоварен. Било која промена на наставните планови и програми не е проследена со квалитетна обука. Големо внимание сè уште им се посветува на формалното планирање и составување извештаи, иако фокусот треба да биде ставен врз поостигнувањето на резултатите од учењето. Често пати содржините што ги учат учениците остануваат неповрзани со реалниот и професионалниот живот. Во текот на школувањето не добиваат доволно информации за можностите кои ги нуди стручното образование и обуката и воопшто не се запознати со струките и профилите што се барани на пазарот на трудот. Настава во природа речиси и не се одржува.

ДОМ се залага за почесто и поквалитетно организирање на настава во природа. Во контакт со природата учениците ќе ја развијат самостојноста, емоционалната интелигенција, ќе го запознаат светот и природата во својата изворна форма, ќе ја развијат својата љубопитност, вниманието, нивниот критички ум, нивната смисла за логика и нивната способност да се приспособат на разни ситуации, да си поставуваат вистински прашања за животот и природата и да ја развијат својата фантазија.

За учениците на возраст од 6 години, кои се во 1-во одделение во земјата наменет е најмал број на часови за настава (552 часа) во споредба со останатите земји кои учествуваат на тестирањето ПИСА. До 14-годишна возраст, овие ученици добиваат околу 900 часа помалку настава отколку што во просек добиваат учениците во земјите на ОЕЦД. Кусото време за учење на училиште ја ограничува длабочината и опсегот на учењето, како и следењето на дополнителни предмети или дополнителна настава. Главни разлики во резултатите од образованието исто така опстојуваат кај различните етнички групи. На повеќето 15-годишни ученици им недостасуваат знаења на читање, математика и природни науки.

Образовните постигнувања на учениците се загрижувачко ниски, што се покажува на резултатите на меѓународните тестирања.

### 1.7.2. Средно образование

Од година во година професионализмот во начинот на спроведувањето на државната матура опаѓа од страна на сите чинители инволвирани во тој процес. Инклузивното образование на учениците со посебни образовни потреби започна да се применува без сериозна обука на наставниците. Недостасува психолошка и педагошка служба, а во поголем дел на училиштата не се вработени дефектолози и социјални работници. Не се зема предвид категоризацијата на степенот за попреченост, а наставниците сами ги изготвуваат индивидуалните образовни програми за учениците со посебни образовни потреби. Проектните активности се формални, но не и суштински.

Гимназиското образование егзистира во три насоки со по два изборни пакета (вкупно 6). Ова раситнување, без притоа да биде променет законот за максимален број на ученици во паралелка (34), предизвика намалување на квалитетот на наставата и нееднаков број на ученици во паралелки од 10 до 30. Се уште постои поголем интерес за гимназиско образование отколку за стручно, иако во Агенцијата за вработување има најголем број на невработени со гимназиско образование, кои не се вклопуваат во стандардите на занимања во националната рамка за квалификации и не се конкурентни на пазарот на трудот.

Стручното образование е привлечно за учениците само во областите на здравството, информатиката и донекаде на економијата и правото. Основен концепт на средното образование е 4-годишното, а 3-годишното и 2-годишното техничко стручно образование не се доволно развиени. Пост-средното стручно образование е законски регулирано, но во практика тоа не заживеа.

Со учебната година 2019/2020 започна и реформирано техничко-стручно образование со нови наставни планови и програми, нови и редизајнирани образовни профили. Ова е прва позначајна концепциска реформа во средното образование. Потребно е време да се проценат првичните резултати во врска со подобрени знаења, компетенции и вештини на учениците и нивно натамошно ангажирање на пазарот на трудот.

***Зелената партија ДОМ смета дека е потребно итно подобрување на средното образование, како континуитет и целина на воспитно – образовниот процес. Приоритет е да се донесе нов Закон за средно образование.***

### Приоритети на ДОМ во областа на основното и средното образование

- Зголемено финансирање на образованието, наместо 3,7% (издвоени во 2019 година) тоа да се изедначи со процентот на земјите од ОЕЦД што изнесува 5,2% од БДП;

- промена на концептот и периодот на задолжително образование од 13 на 12 години, со интенција тоа да се намали на 11 години;
- воведување на едносменска работа на училиштата, како што е во земјите членки на ЕУ;
- измена на Законот за наставници во основното и средното образование (од 2019) за : оптимизирање на фондот на часови; намалување на максималниот број на ученици во паралелките; задолжителна професионална ориентација на учениците во основното образование; кариерни центри и кариерни советници во средното образование; воведување стандарди за оценување на деца со посебни образовни потреби;
- промена на начинот на полагање на државна матура во гимназиското и средното стручно образование и обука;
- задолжително 3-годишно средно образование;
- можност за докфалификација на ученици со тригодишно гимназиско образование во стручно (модуларно) образование, во траење од една година и стекнување знаења, компетенции и вештини со што би се вклопиле во Националната рамка за квалификации;
- флексибилни наставни програми за полесно адаптирање на брзите технолошки промени;
- растоварување од административни обврски на стручните служби (наставниците, педагозите, психолозите, специјалните едукатори, социјалните работници) и нивна поголема вклученост во секојдневниот училишен живот на учениците;
- прилагодување и доследно спроведување на концептот на инклузивно и мултикултурно образование со фокус врз демократските вредности, човековите права, родовата еднаквост и почитувањето на различности по било која основа;
- иницирање интензивна соработка на МОН со Стопанските и Занетчиската комора во креирањето струки и профили во средното стручно образование и обука;
- воспоставување и операционализирање на системот за валидација на резултатитеод формалното и неформалното образование;
- соодветна примена на информациските и комуникациските технологии во образованието и континуирана обука на кадарот за користење нови технологии и алатки во образованието;
- градење систем за обновување на компјутерската опрема и обезбедување услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи;
- ангажирање образовни медијатори или образовни ментори за учениците од ранливите групи во согласност со потребите и
- зајакнување на ученички асоцијации и задруги.

### 1.7.3. Високо образование

Постои брза експанзија во високото образование, но контролата на квалитетот е ограничена. Не постои соодветна селекција при запишувањето во високото образование, бидејќи има големи државни квоти за местата на факултетите. Од друга страна, поради начинот на финансирањето на Универзитетите, постои извесна иницијатива за вршење селекција при уписот. Универзитетите се финансираат според број на студенти, и поради тоа Универзитетите се поттикнати да ги пополнат местата. Студиските програми не ги одразуваат потребите на пазарот на труд.

Иако е донесен новиот Закон за високо образование, се уште автономијата на Универизитетот нема комплетна реализација и доследно спроведување. Се уште има влијанија врз кадровската и врз финансиската автономија. Сепак, има подобрување во организациската автономија (демократски избор на Ректор каде учествува целата академска заедница, без вклучување на надворешен фактор, самостоен избор на раководни органи и тела) и во академската автономија (самостојно уредување на институциите по предметни единици). Кадровската автономија се уште не е комплетно реализирана во Универзитетите при одлучување за потребата од вработување или ангажирање наставен кадар, како и за критериумите и условите за вработување. Притоа, постои процедура за нови работни места како и за непополнетите места во која директно учествува надворешен орган од Министерството за образование и од Министерството за финансии.

Во последно време, се соочуваме со зголемено одлевање на интелектуална сила со што се губат квалитетни кадри, кои се потребни за општествено-економскиот просперитет и севкупниот развој на земјата.

### Приоритети на ДОМ во обласата на високото образование

- Да се направи проценка за потреба од соодветни високообразовни институции и имплементирање на решение за евентуална нивна реорганизација;
- да се овозможи поголема автономија на високообразовните институции, за подобро функционирање и подобри резултати во наставната и научно-истражувачката дејност;
- соодветна распределба на средствата од буџетот во согласност со наставните програми на факултетите;
- да се постигне поголем квалитет во образовниот процес на високообразовните институции, со поголемо учество на практичната настава, во корелација со потребите на пазарот на трудот;
- да се овозможат подобри услови за работа на високообразовниот кадар за поквалитетна настава и поуспешна научно-истражувачка работа со поголемо издвојување на средства од буџетот;

- да се спречи понатамошниот одлив на високообразовни кадри од земјата со менување на политиката на вработување и обезбедување достојни услови за живот и вработување според потребите во различни региони;
- да се овозможи кадровско зајакнување во универзитетите;
- осовременување на стручно-апликативна програма што ќе одговара на потребите на пазарот на трудот;
- да се зголеми финансирањето на научните истражувања на високообразовните институции, особено за темите поврзани со заштита на животната средина, климатските промени, обновливите енергии итн.;
- основање на посебно Министерство за наука, технолошки развој и иновации и
- изготвување Национална стратегија за развој на науката, технологијата и иновациите.

### 1.7.4. Наука, технолошки развој и иновации

Во Македонија не постои одделно Министерство за високо образование или Министерство за наука, технолошки развој и иновации, како што е случај во развиените земји. Во развиените земји посебни Министерства поддржуваат научно-истражувачки проекти од Европската унија со мултидисциплинарно учество и формирање конзорциуми од меѓународен карактер како што се научните фондови FP7, COST, IAEA., итн. Со тоа се овозможува логистика за поуспешно искористување на овие фондови за потребите на општествено-економскиот развој на земјата.

Исто така, во развиените земји во Европа се издвојуваат многу повеќе средства за развој на науката, технолошкиот развој и иновациите. За таа цел, во овие земји како што е Шведска, Австрија, Данска, Германија и други европски земји со години се издвојува над 3% од БДП (пр. Шведска има највисоки вложувања во науката од околу 3.5% од БДП, а на светско ниво водат Ј. Кореа и Израел со извонредни 4.5% од БДП). За разлика од нив, вложувањето во науката во Македонија се уште е на незадоволително ниво од 0.35% од БДП.

***Зелената партија ДОМ се залага за основање на посебно Министерство за наука, технолошки развој и иновации. Ова ќе придонесе за развој на науката, технолошкиот напредок и иновациите, преку поттикнување на истражувањата со помош на буџетски издвојувања и средствата што ЕУ ги наменува за наука. Ова ќе придонесе за подобро искористување на средствата што ги доделува меѓународната заедница за таа намена.***

### Приоритети на ДОМ во областа на науката и технолошкиот развој

- Зголемено вложување во научната-истражувачка дејност и обезбедување на подобри услови за нејзина реализација, како и за презентирање на научните резултати на меѓународни собири и конференции;
- соработка на научните институции со бизнис секторот заради унапредување на технолошките перформанси во стопанствотои
- вмрежување и трансфер на знаења и искуства со Универзитети од развиените земји.

## 1.8. ЗДРАВСТВО

ДОМ се залага за здравствен систем во кој ќе се обезбеди квалитетна здравствена заштита за сите граѓани. За функционирање на ваквиот систем е неопходно да се овозможат соодветни услови за работа, усовршување на здравствените работници од јавниот и приватниот сектор, интегрирање и рационално користење на сите ресурси.

***Трендот на иселување на високо квалификувани медицински кадри е горлив проблем. Во претходните 3 години Владата и Министерството за здравство спроведе неколку мерки за зголемување на платите на здравствениот персонал и презеде континуирани акции за враќање на достоинството на здравствените работници. Направени се и измени во Законот за специјализанти и подобрување на условите за сите специјализанти. Министерството за здравство, во координација со здравствените установи и нивните потреби, одобри повеќе државни специјализации. Ваквите мерки ќе ја подобрат состојбата во здравството во наредните години.***

Секако овие мерки не се доволни и недостигот на кадар веќе започнува да се чувствува во повеќе сегменти на здравствениот систем. Проблемот ќе расте доколку не се изготви соодветна Национална стратегија за да се спречи овој тренд. Македонија не е толку богата за да школува здравствен кадар за западноевропските земји.

Во изминативе години беа направени неколку поголеми инвестиции во областа на јавното здравство: опрема, обнова на згради, подобрување на интегрираниот информатички здравствен систем. Се презедоа активности за довршување на започнати проекти за да се стават во функција современи апарати набавени пред повеќе години, кои не беа користени. Така, ПЕТ Институтот започна со редовна работа, што е значаен исчекор напред во следењето на онколошките болни а се инсталирани 2 линеарни акцелератори и во тек е обука на кадар за нивна употреба.

За подобрување на здравствениот систем во иднина е потребна поголема интеграција на сите ресурси од јавното и приватното здравство и нивно максимално и рационално искористување.

## Приоритети на ДОМ во областа на здравството

- Изработка на Национална стратегија за спречување на одливот на квалификуван медицински кадар;
- имплентирање на реформи и проекти во здравството во насока на интегрирање и максимално користење на ресурсите во соработка со професионалните здруженија и универзитетите;
- плански развој на кадарот и обезбедување на услови за квалитетна додипломска, после дипломска и континуирана едукација на лекарите и здравствените работници;
- инвестиција во инфраструктурата на здравствениот систем на сите нивоа – примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита;
- обезбедување на достапност на примарната здравствена заштита во секој дел од државата, вклучително и руралните средини и плански развој на мрежата на секундарна здравствена заштита која ќе обезбеди рамномерна дисперзија на специјалистички ординации соодветно на потребите, со поголема инклузија на приватните специјалистички ординации;
- понатамошен развој на програмите за превентивната медицина и програмите за ранливите и други групи на население со специфични потреби за медицински третман (деца, бремени жени, возрасни лица, болни со хронични болести, ХИВ/СИДА, малигни болести, психички заболувања и зависности);
- развој и имплементирање на мерките на здравствената екологија;
- продолжување на мерките за враќање на достоинството на здравствените работници, подобрување на платите и зголемување на довербата;
- доопремување со опрема и кадар на здравствените установи во целата земја, особено во руралните средини;
- проценка на потребите од здравствени работници во Македонија и соодветно планирање на бројот на студентите;
- инвестирање во квалитетот на наставата и во научни проекти во медицинските факултети и школи;
- Истражувања и инвестиции во областа на здравствената екологија и подигање на свеста за загадувањето на надворешниот воздух и на воздухот во просториите и дејството врз здравјето на луѓето;
- подигање на свеста за улогата и дејството на конзервансите, додатоците во козметичките препарати и хемикалиите во домаќинството врз здравјето;
- поддршка на понатамошниот развој на интегрираниот национален информатички систем кој треба да овозможи подобра здравствена заштита за секој пациент;

- развој на интегриран национален PACS систем кој ќе овозможи интегрирање на сликовните дијагностички методи во склоп на националниот информатички систем;
- намалување на царинските трошоци и даноци за набавки на медицинска опрема, апарати и делови за јавните и приватните здравствени установи кои се вклучени во системот на јавно здравство;
- редовна набавка на лекови од нови генерации лекови со поефикасно дејство и
- измена на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанци со цел да се олесни достапноста на лековите од канабис за пациентите на кои им се потребни.

## 1.9. КУЛТУРА

Културата е главен двигател на современата уметничка и интелектуална мисла. Последните години културата станува поле преку кое се развиваат и поттикнуваат, меѓу другото, и социјални и економски промени, се развива свеста за еколошките теми, правата на жените, етничките малцинства, мигрантите, припадниците на ЛГБТИ заедницата, а се развиваат и нови хибридни типови на институции кои се од добробит за заедницата. Преку културата се изразуваат и вредностите, традициите и културните разлики и карактеристики на припадниците и на различните заедници (етнички, социјални, родови), човековите права, а се остваруваат и авторските и другите сродни права.

Културата овозможува развој на креативните градови и региони, преку стимулирање и развој на креативните индустрии. Креативните индустрии во себе ја вградуваат креативноста, традицијата и историското наследство, го стимулираат развојот на зелената економија и на нови современи форми на изразување, вклучувајќи ги и ИТ технологиите. Современата култура се повеќе се поврзува со дигиталните технологии, интернетот и социјалните мрежи, кои имаат важна улога во општеството менувајќи ги визуелните, етичките и естетските вредности, кои нудат нови форми на комуникација и соработка и од кои можат да произлезат нови алтернативни економски модели, но и социјални промени и активно вклучување на граѓаните во политичките процеси.

***Зелената партија ДОМ се залага за развивањето на културата и менувањето на моделот на културната политика во насока на развивање на човечкиот капитал за управувањето со културните процеси и културните политики. ДОМ смета дека е неопходно да се афирмира современата уметничка и интелектуална мисла, уметничките текови и творештвото и да се следи чекорот со развојот на европската и светската култура.***

***ДОМ верува дека уметноста и културата не се создаваат само во урбаните центри, туку дека креативниот потенцијал за создавање***

***уметнички вредности лежи насекаде и дека со негово стимулирање и создавање на соодветни услови за уметничко творење може и треба да се децентрализира.***

Потребно е менување на начинот на третирањето на културното наследство и традициииите, како и негова промоција. Исто така треба да се менува моделот на финансирање на институциите од областа на културното наследство, преку вложување во човечки потенцијал и стручен кадар. Многу е важна перцепцијата за значењето на културното наследство, но и неговата правилна промоција и ревитализација од аспект на културни содржини, урбанистичко планирање и развивање на регионите преку развивање на културен туризам и креативни индустрии.

Неопходно е да се зачуваат и промовираат традицијата и обичајните специфики не само на локално ниво туку и пошироко, надвор од границите на државата. Богатството на нашата мултикултурна традиција е во разновидноста на автентичните уметнички изрази. Ние настојуваме таа автентичност да се зачува.

## ДОМ во областа на културата се залага за:

- Подобрување на состојбите во културата и заштитата на културното наследство со измени на законската регулатива;
- овозможување подобро функционирање на јавните установи од областа на културата;
- стимулирање и создавање нови културни институции од страна на приватниот и невладиниот сектор;
- вмрежување и партнерства меѓу независниот сектор со јавните установи во културата на национално и локално ниво и
- поголема поддршка на самостојната и независна културна сцена која ја сочинуваат голем број на самостојни и независни уметници, невладини организции од областа на културата и од областа на дизајнот и креативнте индустрии, преку обезбедување на нови независни простори, (на пример, со трансформација на на индустриски објекти, во вид на ателјеа, нови и независни центри, креативни кластери и хабови и слично).

## Приоритети на ДОМ во областа на културата

- Користењето на обновливи извори на енергија во објектите на институциите од областа на културата (енергетски фасади и промена на прозорци, користење на сончеви колектори), создавање на еколошки и уметнички паркови во околината на овие институции;
- финансирање на студии, анализи, мапирања и истражувања од областа на културните практики, културните политики и културниот развој, што вклучуваат и интеракција со локалните заедници за утврдување на културните потреби;

- промовирање на проекти од сферата на еко-дизајнот како култура на живеење, како и на проекти од областа на културата што влијаат врз подигање на свеста и поттикнуваат дискусии за одржливост, социјална одговорност и животната средина за климатски промени, поттикнуваат климатска акција и влијаат врз намалувањето на отпад и намалена употреба на пластика;
- мапирање на креативните индустрии за создавање соодветни модели и политики за анимирање, промоција и поддршка на креативните индустрии на сите нивоа, и создавање на улови за оспособување на делови од културата за самофинансирање и пазарно дејствување;
- поддршка на проекти што ќе ги промовираат социјалните практики и политики (култура за социјална промена), еколошки теми и политики, ќе влијаат на зближување и поврзување на заедниците, деца и луѓе од трето доба заради подобрување на квалитетот на животот;
- грижа за заштита на македонскиот национален и културен идентитет, македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, со стриктна примена на одредбите од Законот за употреба и заштита на македонскиот јазик во секојдневниот живот;
- соодветно третирање на културното наследство и доследна примена на законските одредби за заштита на културното наследство при конзервација на движното и недвижно наследство;
- непречено негување на културниот идентитет на сите заедници, преку учење и употреба на својот мајчин јазик во секојдневниот живот и во творештвото,
- финансирање на проекти кои ги третираат и промовираат локалните традиции кои се важни за развојот на заедницата;
- воведување на критериуми за квалитетно и соодветно користење на јавните финансиски ресурси на локално и национално ниво;
- создавање услови за функционирање на установите од областа на заштита на културно наследство, подобрување на условите за работа во овие институции и санирање на депоата и изложбените простории;
- управување со, промоција и ревитализација на културните добра и наследство од аспект на додадени културни содржини, урбанистичко планирање и развивање на регионите и градовите, развивање на креативен туриза и креативни индустрии;
- менување на моделот на финансирање на културните процеси, раководење со установите преку ангажирање на едуцирани кадри од областа на културниот менаџмент и политика;
- менување на начинот на финансирање на проекти од областа на културата и уметноста со признавање на авторскиот учинок на уметникот како еден од задолжителните трошоци при буџетирањето;

- зголемена финансиска и институционална поддршка на меѓународната соработка во културата, поголема поддршка на меѓународната мобилност на уметници и професионалци од културата од Македонија во странство;
- развивање на центри-уметнички работилници за заживување на старите, заборавени занаети во туристичките центари кои би се преточиле во модерна форма и апликација, а кои ќе понудат уникатни и современи дизајнирани продукти и сувенири за развој на креативниот туризам;
- поголема поддршка на алтернативната и независната современа сцена од сите области на уметноста и културата;
- поголема поддрршка на младите во културата, и младинските културни центри и институциите кои ја поттикнуваат развивањето на уметноста, креативноста и културата на младите, како и поддршка на млади уметници и професионалци од областа на културата и нивна меѓународна мобилност и
- препознавање и промовирање на напуштените индустриските објекти како единствен примерок на нашето индустриско наследство во архитектонска, градежна, технолошка и културна смисла, пристапување кон нивно вреднување и водење на иницијативи за нивна реупотреба во културно-едукативни цели, бизнис стартапи, простор за млади, интеркултурни скверови, креативни индустрии и слично

### 1.9.1. Заштита на Охридски регион

Охридскиот регион поседува исклучителна универзална вредност како комбинација од природни феномени со квалитетот и разновидноста на културното наследство - материјално и нематеријално што е заштитено според Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО.

По одржувањето на рективната мониторинг мисија на Центарот на светското културно наследство на УНЕСКО во 2017 година, телата на УНЕСКО имаа согледувања дека севкупната состојба на заштита, може да биде сметана како ранлива и доколку приоритетните препораки не бидат имплементирани за време на предложениот период од две години (т.е. до 2019 година), заштитеното добро може да не ги исполни критериумите за впишување на Листата на светско наследство во опасност.

Во 2017 година, во согласност со препораките на УНЕСКО, Владата донесе одлука за стопирање на големите инфраструктурни проекти – ски – центарот на Галичица, експресниот пат А3 и туристичко-развојната зона во Љубаништа.

Во јуни 2019 година одлуката за запишување на природното и културното наследство во Охридскиот регион на листата на добра во опасност се одложи за 6 месеци. Во меѓувреме се прогласи мораториум на нови градби и на легализација на бесправно изградените објекти, се из-

работи инвентар на бесправно изградени објекти, се донесоа: Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и Стратегиската оцена на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Се работи и на прогласување на заштитеното подрачје на Студенчишко блато и на репрогласување на Споменикот на природата Охридско Езеро.

***Зелената партија ДОМ е активно вклучена во активностите на Собранието и Владата што се насочени кон зачувувањето на исклучителните унверзални вредности на ова светско наследство.***

***Претседателката на ДОМ, Маја Морачанин е координаторка на неформалната парламентарна група "Пратеници – пријатели на УНЕСКО", а Државната секретарка и потпретседателка на ДОМ, Ана Петровска е координатор на владината работна група за изработка на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион и член на националната комисија на УНЕСКО.***

### Приоритети на ДОМ во областа на природното и културното наследство во Охридскиот регион

- Воспоставување на ефикасен систем за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- адекватна заштита на природното и културното наследство преку спроведување на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- едукација на граѓаните и локалното население за значењето на статусот за заштита на УНЕСКО и придобивките што произлегуваат од него за културата, намалувањето и адаптацијата на климатските промени;
- развој на алтернативен туризам за намалување на притисоците врз природното и културното наследство и врз природните и културните вредности и
- зачувување на недвижното, археолошкото и нематеријалното културно наследство.

## 1.10. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Локалната самоуправа (општините) обезбедуваат есенцијални услуги на граѓаните. Општините имаат одреден степен на независност од централната власт бидејќи креираат и располагаат со сопствени буџети. Фискалната децентрализација е во тек, но средствата со кои располагаат општините не се доволни за спроведување на локалните надлежности. Покрај извори на финансирање од локални даноци , општините добиваат дотации и други трансфери од централната власт, главно преку Министерството за локална самоуправа. Општините, меѓу

другото, се финансираат и од наплата на надоместоци за уредување на градежно земјиште, таканаречени “комуналии”.

### 1.10.1. Спроведување на локалните надлежности и финансирање на општините

И покрај фактот што општините имаат голем број надлежности, како најразвиени се сметаат комуналните услуги, образованието и урбанистичкото планирање.

Комуналните услуги (водоснабдување, одведување и пречистување на отпадни води), ги обезбедуваат јавни комунални претпријатија што се финансираат од наплата на надоместоци за реализирана услуга. Овие претпријатија не се реформирани и покрај тоа што одамна е утврдено дека се соочуваат со превработеност, дека немаат капацитет да инвестираат во подобра комунална инфраструктура и да даваат квалитетна услуга на граѓаните со стандард што се стреми да се усогласи со барањата на ЕУ.

Урбанистичкото планирање е со недоволен квалитет и претставува закана за развој на населбите. Покрај тоа, со постојниот Закон за просторно и урбанистичко планирање се овозможува планирање на градби надвор од населбите, што претставува опасност за зачувување на продуктивноста на земјиштето, влијае врз намалувањето на земјоделските површини или шумите, ги фрагментира природните живеалишта и ја менува климата.

Зависноста на општините од наплатата на “комуналиите” и бизнис интересите на градежната индустрија предизвикуваат неодржлива градежна експанзија. Оваа експанзија го уништува зеленилото, го попречува струењето на воздухот, создава топлотни острови, ја оптоварува комуналната и патната инфраструктура и предизвикува енормно загадување на воздухот, водите и почвата, а влијае и на нарушување на биолошката разновидност во поширокиот регион.

### 1.10.2. Диспаритет меѓу Скопје и внатрешноста

Општините, заради недоволниот финансиски капацитет и недоволните вложувања од страна на централната власт, не можат да ги извршуваат своите надлежности во однос на локалниот економски развој, спортот, културата, здравствената и социјалната заштита. Ова доведува до голем диспаритет помеѓу Скопје и другите делови од земјата, како и помеѓу урбаните и руралните делови на општините. Во внатрешноста квалитетот на животот не е доволен и затоа граѓаните мигрираат од село во град, или се селат во странство.

### Приоритети на ДОМ во областа на децентрализацијата

- Поголема фискална децентрализација и отстранување на зависноста меѓу наплатата на “комуналии” за подобар фискален капацитет на општините
- реформа на јавните комунални претпријатија за подобрени комунални услуги и
- намалување на разликите меѓу Скопје и внатрешноста, односно урбаните и руралните средини преку вложување во локалниот економски развој, здравството, социјалната заштита, спортот и културата.

## 1.11. МЛАДИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

### 1.11.1. Одлив на мозоци (“brain drain”)

Зелената партија ДОМ ги препознава младите луѓе како движечка сила во општеството. На младите не им припаѓа само иднината, туку и сегашноста. Еден од најгорливите проблеми во Македонија е иселувањето на младите што се должи не само на незадоволството од економската и политичката состојба, туку и на потребата од подобар квалитет на живот. Младите бараат квалитетно образование и здравство, младински стандард, здрава животна средина, работнички и човекови права, достапност до информации и вклучување во процесите на креирање политики на локално и национално ниво.

***Во 2020 година првпат во Македонија се донесе Закон за младинско учество и младински политики, чија што цел е зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање политики, поттикнување на волонтерство, младинскиот активизам и младинската работа, како и личен, професионален и социјален развој кај младите.***

### Приоритети на ДОМ за младите

- Подготвување на нова Национална стратегија за млади базирана врз точни податоци со вклученост на младинските организации и релевантните институции;
- поставување на прашањето за запирање на иселувањето на младите како национален приоритет;
- обезбедување еднакви можности за вработување според мерит систем;
- јакнење на младите претприемачи преку субвенции и даночни олеснувања;
- јакнење на трудовата инспекција и интензивна контрола на начинот на уредувањето на работните односи во приватните фирми со цел почитување на работничките права на младите и

- вклучување на младите во националните и локални процеси на креирање на политики.

## 1.11.2. Образование

Квалитетното образование е темел на општеството. Меѓународните истражувања покажуваат сериозни недостатоци во нашиот образовен процес, образовниот кадар и образовните институции. Во првите 1000 светски универзитети нема македонски универзитет, многу мал процент од студентите ја користат можноста за студентска мобилност, дообразување и доусовршување.

### Приоритети на ДОМ во областа на образованието на младите

- Ревизија на учебниците за основно и средно образование;
- прилагодување со модерните европски насоки и методи за предавање;
- модерна инфраструктура, нови училишта со достапност за лица со попреченост;
- реновирање на сите студентски и средношколски домови;
- субвенциониран оброк за студентите и стандардизирани студентски мензи;
- обезбедување повеќе средства за развој на науката;
- финансирање на потребите на младите истражувачи;
- воспоставување независен студентски парламент;
- укинување на непотребните трошоци за студентите;
- дигитализација на материјалите во универзитетите;
- дигитализација на студентски прашања (брз пристап до потребните информации наместо чекање со часови и непотребни трошоци);
- спречување на корупцијата во високото образование;
- бесплатни правни совети за студентите и средношколците;
- загарантирана практична настава и
- креирање на посебен национален буџет за млади.

## 1.11.3. Средношколско организирање

Средношколското организирање е важен сегмент во образовниот процес. Сите училишта немаат функционални заедници и поддршка, некои ги имаат само на хартија односно во статутите на училиштата. ДОМ смета дека во секое училиште треба да се слуша гласот на учениците.

Приоритети на ДОМ во областа на средношколското организирање

- Поддршка за креативни настани;
- дебати;

- вонnаставни активности;
- функционални заедници; соработка меѓу учениците од различни училишта и
- ресурси за функционирање на средношколските заедници.

### 1.11.4. Студентска мобилност

Зелената партија ДОМ ја поддржува студентската мобилност. Студентската мобилност и можностите за размена се едни од најпознатите европски практики. Студентите преку мобилноста имаат можности за размена на искуства, иновативни практики, за размена на прашања од заеднички интерес и да развиваат дијалог во областите на образованието и науката и да се запознаваат со различни култури.

### Приоритети на ДОМ во областа на студентската мобилност

- Креирање национален стратешки документ за унапредување на мобилноста;
- стимулирање на факултетите за нови билатерални соработки со странски факултети преку кои ќе се зголемат можностите за доквалификација, студиски престои, научно-истражувачка работа, работилници и размена на искуства на студентите и академскиот кадар од Македонија со други земји и
- зголемување на бројот на мобилни студенти преку олеснување на административните процедури и подостапно информирање за можностите за мобилност и помош при аплицирање.

### 1.11.5. Екологијата - редовен предмет

ДОМ како партија со зелена политичка платформа смета дека младите луѓе имаат потреба да се здобијат со потребни знаења и вештини за заштита на животната средина и климатските промени. Сведоци сме на последиците од климатските промени на Планетата. Младите низ цела Европа се мобилизирани и преку маршеви и протести го искажуваат револтот и потребата од итна климатска акција. Поради итноста на ситуацијата низ светот се појавуваат и нов вид миграции и мигранти, наречени климатски бегалци.

***Зачувувањето на здравата животна средина и запирањето на климатски промени се на врвот од заложбите на Зелената партија ДОМ. Со воведување на овој предмет во училиштата ќе се доближи оваа тематика поблизу до учениците и ќе се даде поголемо значење во борбата против климатските промени.***

Покрај воведувањето на предметот “Животна средина и климатски промени” во училиштата сметаме дека е потребна обука и компетенции на наставничкиот кадар на оваа тема.

### 1.11.6. Сеопфатно сексуално образование - редовен предмет

Зелената партија ДОМ смета дека воведувањето сеопфатно сексуално образование како редовен предмет во основните училишта, на младите ќе им даде точни потврдени научни информации за да можат тие да носат свесни и одговорни одлуки. Целта на предметот е заштита од сексуално преносливите болести и несакана бременост, како и надминување на предрасудите, дискриминацијата, неточните информации, говорот на омраза и меѓуврсничкото насилство.

### 1.11.7. Локална младинска активност

Општините во своите статути го имаат задолжителното вклучување на младите во процесите на креирање на локални политики. ДОМ смета дека вклучувањето на младите преку независен Локален младински совет треба да биде приоритет на секоја локална власт. Младите преку локалните младински совети ќе ги пренесуваат своите предлози и заложби до локалните совети и до градоначалниците. Економската поддршка, исто така, е важен фактор во подобрувањето на положбата на младиот човек во својата заедница. Преку финансиска помош и субвенции, бесплатни советодавни услуги, поддршка на млади претприемачи и бесплатно користење на општински простории се овозможува создавање на квалитетни кадри и идни млади стопанственици. Финансиската поддршка е круцијална во овој процес. Според Законот за младинско учество и младински политики секоја општина треба да има свој младински центар, младински работник и одвоен буџет за млади во годишното планирање на буџетот.

### Приоритети на ДОМ во областа на студентската мобилност

- Отворање локални младински центри;
- посебен буџет за млади во планирањето на годишните буџети на општините;
- задолжително вработување на лице задолжено за работа со млади – Младински работник;
- субвенции за млади претприемачи;
- бесплатен простор за културни манифестации и неформално образование за младите;
- бесплатна правна помош за млади претприемачи;
- формирање Локални младински совети;
- воспоставување систем за младинска локална информираност и
- бесплатни обуки и едукативни програми.

### 1.11.8. Волонтерство

ДОМ го смета волонтерството за исклучително признато, вредно и како задолжителна препорака при секое вработување. Волонтерството го поттикнува активизмот, кој е основен двигател на напредното општество, придонесува во градењето на мрежи и создава чувство на одговорност за решавање на проблемите на заедницата. На младите и на невработените волонтерството им помага да развијат и да усовршат одредени вештини, да стекнат самодоверба, да развијат комуникациски и организациски вештини и често волонтерството преставува можност за добивање платено работно место. Волонтерството не смее да се третира како бесплатна работна сила.

#### Приоритети на ДОМ во областа на волонтерството

- Промоција на волонтерството во училиштата;
- вреднување на волонтерството при вработување;
- спроведување на истражување за економска исплатливост на волонтирањето и
- зголемување на можностите за волонтирање во секторот здравство, социјала, образование, локална самоуправа и во државните институции.

# 2. АКЦИЈА ПРОТИВ КЛИМАТСКАТА КРИЗА

## 2.1. ПРОМЕНИ НА КЛИМАТА И ПЛАНЕТАТА

Нашето општество неодржливо ги користи ресурсите, ја трансформира природата и предизвикува намалување на бројноста на растителните и животинските видови. Емисиите на стакленички гасови (јаглерод диоксид, азотни оксиди, метан итн.) се во постојан пораст.

***Зелената партија ДОМ е сериозно загрижена за климатската криза што во Македонија може да има катастрофални размери. ДОМ континуирано предупредува за последиците од климатските промени што најмногу ги погодуваат ранливите граѓани.***

Присуството на јаглероден диоксид и другите стакленички гасови во атмосферата го засилува ефектот на стаклена градина. Притоа, температурата се зголемува, а со тоа и испарувањата и влажноста; покачената влага резултира со невремиња и поплави во едни, а со суша во други региони. Се загреваат морињата, се топи мразот и глечерите на половите, а се покачува нивото на океаните. Се менуваат растителните заедници и условите за раст и развој на житните и градинарските растенија.

Околу 90 % од топлината настаната заради климатските промени се складира во океаните. Тие апсорбираат до 30% од годишните антропогени емисии на CO2, што дополнително го зголемува глобалното загревање. Апсорбираниот CO2 реагира со морската вода и предизвикува закиселување на океаните, што е зголемено за 26% од почетокот на индустриската револуција.

Температурата расте со поголема брзина од предвидената, зачестуваат екстремните климатски појави: топлинските бранови, поплавите, циклонските ветрови (тајфуни, урагани), сушите, ерозијата и шумските пожари. Овие појави се проследени со болести и епидемии. Се намалуваат површините под шуми, заради што се емитираат дури повеќе стакленички гасови. Климатската криза ја менува Планетата, ги деградира екосистемите и ги уништува природните ресурси; снемува храна и чиста вода.

***“Немаме време за губење”, велат научниците и активистите: “Климатската криза е реалност што е дури и полоша од предвидувањата и се одразува на судбината на целото човештво”. Климатска-***

***та криза налага итна акција, за да се спаси планетата и да се обезбеди опстанок на видовите.***

## 2.2. КОЈ И ШТО ЈА МЕНУВА КЛИМАТА?

Согорувањето на фосилните горива (јагленот, нафтата и природниот гас) во комбинација со интензивната загуба на шуми, резултира со повеќе емисии отколку што изнесува апсорпцијата на јаглерод преку секвестрација (отстранување на јаглерод диоксид од атмосферата и складирање во течна или цврста форма од страна на дрвјата и друга вегетација). Емисиите на јаглероден диоксид денес се највисоки во историјата на цивилизацијата.

Покрај јаглеродниот диоксид и метанот, еден од најштетните и најопасните предизвикувачи на климатските промени е “црниот јаглерод” кој главно го перцепираме како чад. Тој се содржи во ПМ честичките и настанува како резултат на непотполно согорување на фосилните горива, биомасата и биогоривата. “Црниот јаглерод” е присутен во PM2.5 честичките кои се исклучително штетни бидејќи навлегуваат во респираторните органи и заради нивните мали димензии непречено се пренесуваат со крвта и во други органи.

***Во 2004 година производството на енергија учествуваше во глобалните емисии на стакленички гасови со 26%, индустријата со 19%, промената на користењето на земјиштето и шумарството со 17%, земјоделството со 14%, транспортот со 13%, домувањето, комерцијалниот сектор и услугите со 8% а емисиите од несоодветно постапување со отпад изнесуваат 3%.***

Производството и снабдувањето со енергија со своите емисии на стакленички гасови, се главни двигатели на климатските промени; емисиите од овие сектори растат и ќе продолжат да растат, доколку не се случи радикална промена на економските политики и прекумерната потрошувачка.

И покрај заложбите во официјалните политики за исфрлање на фосилните горива од употреба, се чини дека политичарите попуштаат под притисокот на компаниите што експлоатираат или дистрибуираат фосилни горива.

Дваесет приватни или национални компании што ги исцрпуваат светските резерви на јаглен, нафта и природен гас, се одговорни за една третина од вкупните емисии на стакленички гасови. Меѓу нив се: Шеврон, Ексон, Шел, Сауди Арамко и Газпром. Некои од нив се обидуваат да се претставаат себеси како дел од решението за климатската криза, велејќи дека во борбата против климатските промени природниот гас е најдобрата алтернатива на јагленот.

Замената на фосилните горива е тешка, заради лобирањето на нафтените компании кои трошат огромни финансиски средства и корумпираат политичари и заради можното отпуштање на огромен број вработени во овој сектор доколку би се намалила нафтената индустрија.

***Денес во 12 земји (41 регион) во ЕУ се експлоатира јаглен. Оваа индустрија се соочува со социјални предизвици бидејќи политиките на ЕУ се свртени кон почисти форми на енергија. Затоа ЕУ ги препозна како "региони во транзиција" и основаше платформа за помош при модернизацијата на нивната економија и преминот кон нови технологии. Платформата ќе овозможи размена на искуства помеѓу европските земји во текот на овој процес и заеднички настап при обезбедување на финансиски средства за потребните инвестиции и социјални пакети.***

## 2.2.1. КОЈ И ШТО ЈА МЕНУВА КЛИМАТА ВО МАКЕДОНИЈА?

Како и во светот, во Македонија емисиите на стакленички гасови потекнуваат од производството и дистрибуцијата на енергија, индустриските процеси, транспортот, домувањето и комерцијалниот сектор (зградите); зголемувањето на површините на непродуктивно (градежно) и деградирано земјиште (напуштени ниви), наспроти намалувањето на површините под шуми; несоодветното постапување со отпад.

### Производство и снабдување со енергија

Енергетиката придонесува најмногу во емисиите на стакленички гасови во Македонија (околу 70%). Во вкупното прооизводство на електрична енергија (2,06 GW), јагленот учествува со 48%, хидроенергијата со 34%, комбинираното производство на топлина и струја од природен гас со 15% и 3% отпаѓаат на други обновливи извори на енергија (сончева енергија и ветер).

Термоелектраната РЕК Битола од 2007 година чека да добие А-интегрирана еколошка дозвола. Во 2014 година, кога беше крајниот рок за усогласување на инсталациите со оперативните планови, се донесе одлука за одлагање на рокот до 2017 година. Конечно, во 2018 година се рестартираше изработката на дозволата која е во фаза на нацрт. Со дозволата се предвидува да се заврши со реконструкцијата на електростатски филтри во 2023 година, кога ќе започне постапката за инсталирање на постројка за десулфуризација и се планира таа да заврши во 2026 година.

***ДОМ бара итно да се изврши усогласување со оперативниот план за еколошко прилагодување на РЕК Битола.***

Претходните години се намали производството на електрична енергија од јаглен заради исклучувањето на термоелектричната централа (ТЕЦ) Осломеј, а се зголеми увозот (дури до 50%).

Од ноември 2019 година повторно започна со работа ТЕЦ Осломеј. кој, како и РЕК Битола, се уште нема А-интегрирана еколошка дозвола.

Од термоелектраните секојдневно се емитираат прашина (PM10 и PM2.5 честички), тешки метали (жива, арсен, кадмиум) неразградливи

органски загадувачи, како што се диоксини и полициклични ароматични хемикалии.

### Отпад

Секторот Отпад е втор најголем извор на стакленички гасови во Македонија. Од вкупната количина на создаден отпад, 75% биле однесени на непрописни општински депонии, а преостанатите количини се отстранети на таканаречените “диви депонии”. Во отсуство на мерки за санитарно депонирање, а заради анаеробно распаѓање на отстранетниот органски отпад, се јавуваат пожари на отворено и емисија на метан.

### Индустриски процеси

Во националниот инвентар на стакленички гасови согорувањето на фосилни горива во индустријата и емисиите што произлегуваат од нив се пресметуваат како дел од секторот “производство и снабдување со енергија”. Оваа методологија произлегува од упатствата за изработка на инвентари на стакленички гасови на Конвенцијата на Обединетите нации за климатски промени.

**Металопреработувачката индустрија** има најголем придонес кон емисиите од овој сектор, при што со доминантно ниво на емисии учествува производството на феролегури. Втора категорија по количеството на емитувани емисии на стакленички гасови е **производството на цемент.** Другите емисии од индустриските процеси се резултат на користењето на фосилните горива.

### Земјоделство, шумарство и користење на земјиште

Од сточарското производство се емитираат стакленички гасови, главно како резултат на ентеричната ферментација и употребата на арско ѓубре.

Емисиите на стакленички гасови од растителното производство се последица на несоодветното и прекумерното ѓубрење со минерални ѓубрива, кои долгорочно предизвикуваат сериозно намалување на органската материја во почвите и значителна емисија на CO2.

Шумите и шумското земјиште се главните извори за апсорбција на CO2 емисиите. Тие покриваат околу 1,3 милиони хектари и се карактеризираат со голема видова разнообразност, но се со слаб квалитет и низок годишен прираст.

Шумските пожари, кои генерално се јавуваат како резултат на антропогени фактори и во услови на високи температури, резултираат со зголемени емисии на стакленички гасови и нивна намалена апсорбција заради намалените површини под шума.

## 2.3. ДОГОВОРОТ ОД ПАРИЗ ЗА БОРБА ПРОТИВ КЛИМАТСКАТА КРИЗА

Договорот од Париз предвидува ограничување на порастот на глобалната температура на 2 степена целзиусови во споредба со пред-индустриското ниво (1990 односно 1995, во зависност од видот на стакленичкиот гас) или, доколку е можно, одржување на порастот на температурата до 1,5 степени целзиусови. Сепак, во јули 2019 година измерената глобална температура е за 1,2 степени целзиусови повисока од пред-индустриското ниво; а јули 2019 година беше историски најтопол месец од почетокот на мерењата на температурата воопшто.

Парискиот договор не го пропишува начинот на кој земјите ќе ги намалат емисиите и ќе ја зголемат својата отпорност и ќе се адаптираат на климатските промени. Имено, тој предвидува тие да изработат и да доставaт национални придонеси во кои се содржани нивните клучни заложби и ветувања за постигнување на целите на Парискиот договор. Истовремено, Парискиот договор ги повикува развиените земји да обезбедат техничка и финансиска помош за земјите во развој, а корисниците на помошта треба да ги истакнат своите потреби и приоритети.

Земјите го спроведуваат Парискиот договор преку воведување на законски обврски, финансиски стимулации и даночни политики за намалување на емисиите на стакленички гасови, односно примена на мерки за адаптација во секторите што се најранливи на климатските промени.

***Збирот на планираните редукции на емисиите на стакленички гасови на сите национални придонеси кон договорот од Париз претставува само една третина од потребното за да се постигнат целите на овој договор. Затоа во 2020 година земјите ќе доставаат ажурирани и поамбициозни придонеси и ќе презентираат порешителни климатски акции.***

Македонија пристапи кон Парискиот договор и се обврза да ги имплементира своите национални придонеси. Националните придонеси (усвоени од страна на Владата во 2015 година) ги издвои производството на енергија, зградите и транспортот како сектори кои најмногу придонесуваат во вкупните емисии на стакленички гасови и се обврза до 2030 година да ги намали овие емисии за 30% (со умереното), односно 36% (со амбициозното сценарио) во однос на основното сценарио.

Во 2017 година Македонија го ратификуваше Парискиот договор и презеде обврска да ги намали емисиите на стакленичките гасови согласно усвоените национални придонеси.

Член 4 од Парискиот договор ја истакнува и ја опишува важноста на транспарентноста преку воспоставување на национален мониторинг,

известување и верификација на постигнатите намалувања на емисиите на стакленички гасови што се предвидени со националните придонеси.

Во Македонија не постои соодветен мониторинг, известување и верификација на редукциите на емисиите на стакленички гасови.

Во текот на 2020 година Министерството за животна средина и просторно планирање ќе изработи алатка за мониторинг, следење и верификација, со која ќе се следат проектите на институциите и евентуалните редукции на емисиите што би произлегле од нивното спроведување.

## 2.4. МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ГИ НАПУШТА ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА

### 2.4.1 .Закон за енергетика

Во 2018 година е донесен Законот за енергетика, кој според препораките на Енергетската заедница требаше да биде усвоен уште во текот на 2014 година. Одбивањето на претходната Влада да го либерализира пазарот на електрична енергија беше проследено со предлог за санкција од страна на Советот на министри на Енергетската заедница.

***Зелената партија ДОМ од своето основање се залага за зголемување на учеството на обновливите извори на енергија и овозможување на домаќинствата на децентрализиран начин да произведуваат електрична енергија од обновливи извори и да го продаваат вишокот на произведена енергија на добавувачот.***

***Со донесувањето на новиот Закон за енергетика, ДОМ го исполни своето ветување за законско овозможување на поголемо користење на обновливите извори на енергија (сонце и ветер).***

Овој закон предвидува целосна либерализација на производството, снабдувањето и трговијата со енергија во согласност со таканаречниот Трет пакет на директиви со кои се уредуваат енергетските пазари во ЕУ. Законот им овозможува на граѓаните (домаќинствата, малите и средните претпријатија) право на избор на снабдувач на електрична енергија.

Законот предвидува и намалување на енергетската сиромаштија, што вклучува субвенции за потрошена енергија што се доделуваат на семејствата со економски потешкотии.

***И покрај големото значење на Законот за енергетика за зголемено користење на обновливи извори, ДОМ изразува загриженост во врска со дефинирањето на максимум 4KW инсталирана моќност од сончеви панели по домаќинство. Ова ограничување не им овозможува на домаќинствата да инсталираат сончеви панели според своите потреби.***

### 2.4.2. Предлог закон за енергетска ефикасност

- Овој закон, кој е во собраниска процедура, предвидува ефикасно користење на енергијата, а особено спроведување на енергетската ефикасност во јавниот сектор преку реконструкција на зградите што се користат од страна на институциите, пропишување на задолжителни енергетските контроли од страна на големите потрошувачи во индустријата и комерцијалниот сектор или спроведување на систем за управување со енергија, енергетската ефикасност при пренос, дистрибуција и снабдување, енергетската ефикасност на зградите, означувањето на потрошувачката на енергија и еко дизајнот на производите кои користат енергија и други мерки за поттикнување на енергетската ефикасност.

***ДОМ дава силна поддршка за усвојување на Законот за енергетска ефикасност, со кој се дефинира основање на Фонд за енергетска ефикасност. Фондот за енергетска ефикасност е наша долгогодишна заложба што конечно треба да се реализира.***

***Овој закон ќе овозможи и други придобивки за климата и животната средина:***

- ***раздвижување на пазарот на енергетски услуги;***
- ***развој на градежништвото преку обезбедување приход од реконструкција на постојните згради, наместо експанзија на нови градби на зелени површини;***
- ***енергетска ефикасност во јавниот сектор;***
- ***намалување на потрошувачката на гориво од страна на индустријата како и на емисиите на стакленички гасови и на загадувачи на воздухот и***
- ***управување со енергија во индустријата во согласност со стандардот ИСО 50001 што ќе овозможи примена на таканаречени “мерки без или со ниски трошоци” и зголемување на продуктивноста без инвестиции во скапи технологии за енергетска ефикасност.***

### 2.4.3. Нацрт-стратегија за енергетика

Со Нацрт-стртегијата за енергетка до 2040 година се дадени насоките за декарбонизација на економијата, следејќи го таканаречениот „Патоказ 2050“, што ја мапира декарбонизацијата на ЕУ.

Идната декарбонизација на Македонија предвидува три сценарија: основно сценарио, сценарио на умерена транзиција и зелено сценарио.

| | Основно сценарио | Умерена транзиција | Зелено сценарио |
|---|---|---|---|
| Енергетска ефикасност | -15,3% примарна<br>-10.3% финална | -31,2% примарна<br>-16.6% финална | -34,5% примарна<br>-20.8% финална |
| Емисии на стакленички гасови | -11,4%<br>(-20,9%) | -37,6%<br>(-57,2%) | -43,0%<br>(-64,7%) |
| Удел на обновливи извори на енергија | 33% | 38% | 40% |

**Основно сценарио:** се предвидува ревитализација на ТЕЦ Битола во 2025 година и отворање нов рудник за јаглен Живојно, како и обезбедување континуирано снабдување со јаглен по конкурентни цени. Во областа на исцрпениот рудник Осломеј се инсталира фотонапонска електрична централа (со капацитет од 80 – 120 MW).

**Сценарио за умерена транзиција:** ТЕЦ Битола престанува да работи на јаглен во 2025 година, а за производство на електрична енергија користи природен гас. Потребите се надополнуваат од обновливи извори на енергија (Осломеј, други фотонапонски сончеви централи и ветерни паркови) и од увоз.

**Зелено сценарио:** ТЕЦ Битола престанува да работи на јаглен во 2025 година, а за производство на електрична енергија се користи природен гас, додека учеството на обновливи извори на енергија е повисоко од она предвидено со Сценариото за умерена транзиција.

***ДОМ бара ажурираните национални придонеси во врска со Договорот од Париз, што ќе се поднесат во 2020 година, да предвидат минимум 60% редукции на емисии на стакленички гасови, (споредено со нивоата од 2005 година), односно учеството на обновливи извори на енергија од сончева енергија и ветер да биде минимум 40% до 2040 година.***

## 2.5. ПРАВЕДНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА

Разликите помеѓу богатите и сиромашните и концентрацијата на моќ кај мал број на луѓе се со историски размери. Истоштувањето на планетата и истребувањето на видовите жив свет рапидно се зголемуваат. Енергијата што е потребна, претежно се добива од фосилни горива. Економијата што се базира врз фосилни горива ќе се трансформира и ќе стане зелена, односно ќе биде регенеративна и одржлива.

### 2.5.1. Начела на праведната енергетска транзиција

Климатската криза има корен во прекумерната експлоатација на ресурсите, која пак е во функција на задоволување на гладта на потрошувачкото општество. Сепак, климатската криза нема еднакво да ги погоди сите оние што придонеле за промените на Планетата.

Праведната транзиција треба да обезбеди експлоатирање на природни ресурси што ќе создадат регенеративна економија на начин што оваа трансформација нема да ги стави сиромашните и ранливите земји и граѓани во онеправдена положба.

Оваа транзиција ќе мора да се базира врз системски промени и да даде решение на причините за создавањето на климатската криза, кои имаат свои корени во неодржливата економија.

### Приоритети на ДОМ во областа на праведната транзиција

- Отворање на нови работни места во ниско-јаглеродни индустрии и производни гранки;
- обуки за доквалификација и преквалификација;
- субвенции за енергетска ефикасност на домаќинствата;
- субвенции за чиста, достапна и безбедна енергија;
- поддршка на компании во транзицијата кон ниско-јаглеродни технологии;
- поддршка на економска диверзификација базирана на инвестирање во климатски отпорни технологии и креирање на работни места за ниско-јаглеродни професии;
- поддршка за јавни и приватни инвеститори;
- пристап до финансиски инструменти;
- инвестирање во отворање на нови компании, мали и средни претпријатија и старт ап-и и
- инвестирање во истражување и иновации.

## 2.6. КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И АГЕНДАТА 2030 ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Целта број 13 од Агендата 2030 за одржлив развој –“ПРЕЗЕМАЊЕ ИТНА АКЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ЕФЕКТИ” ги опфаќа следните цели:

- Зајакнување на отпорноста и капацитетот за адаптација на опасностите предизвикани од климата и природните катастрофи во сите земји;
- интегрирање на мерките за климатски промени во националните политики, стратегии и планови и
- подобрување на образованието, подигање на свеста и подобрување на човечките и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, намалување на влијанието и навремено предупредување.

## 2.7. АДАПТАЦИЈА НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Адаптациските мерки имаат цел да се намали негативното влијание и ефектите што може да настанат од климатските промени. Доколку адаптациските мерки навреме се испланираат и се спроведат, тоа може да заштеди значителни средства и да спаси многу животи.

### 2.7.1. Адаптација на климатските промени во Македонија

Во Македонија во рамките на претходните национални комуникации во врска со Рамковната конвенција за климатските промени се правени анализи на ранливост на климатските промени. Анализите ги имаат земено предвид претходни манифестации на климатските промени, направени се сценарија за порастот на температурата и влијанијата од тие сценарија на економските сектори и екосистемските услуги, утврдени се најранливите сектори и можните мерки за адаптација и тоа:

- Водни ресурси
- Здравство
- Земјоделство и производство на храна
- Шумарство
- Биолошка разновидност
- Туризам
- Заштита на културното наследство

### 2.7.2. Адаптација на водните ресурси

Имајќи ја предвид важноста на водните ресурси и можноста тие да бидат намалени, потребно е да се спроведат следните мерки:

- Модернизација на хидрометеоролошката мрежа;
- изработка и спроведување на ефективни планови за управување со водите;
- подобрување на мониторингот; рехабилитација и реконструкција на постоечката инфраструктура за производство на електрична енергија од вода и водостопанската инфраструктура;
- обложување на каналите за да се подобри ефикасноста на наводнувањето;
- употреба на затворени канали наместо отворени;
- изградба / рехабилитација на акумулациите / хидроелектраните / системите за водоснабдување и наводнување;
- зголемување на висината на браните;
- отстранување на седиментите во вештачките езера за да собираат повеќе вода;
- пренос на вода помеѓу различни сливови;
- рециклирање на водата во општините и во домовите;
- собирање на дождовницата за техничка употреба;

- употреба на уреди кои користат помалку вода;
- системи за двојна употреба (за пиење и техничка вода);
- употреба на култури кои имаат висока вредност / користат малку вода;
- системи за наводнување капка по капка, микро прскање, системи за наводнување со прецизна апликација;
- поефикасни турбини во хидроелектраните;
- базени за ладење, разладни кули (суви и со вода) во индустријата;
- ограничување на изградба во зони каде што постои ризик од поплави;
- пошумување и други структурни мерки;
- изградба на насипи и
- други структурни мерки како што се привремени брани, изградба на отпорни куќи и измена на транспортната инфраструктура.

## Приоритети на ДОМ во областа на климатските промени

- Изработка на План за адаптација на климатските промени;
- зајакнување на капацитетите, соодветно да се опремат и да се обезбедат потребните финансиски средства на институциите за адаптација, првенствено на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи;
- климатските промени да се земат предвид при изработката на стратегии за води, земјоделство и шумарство, индустриски развој, управување со отпад;
- да се обезбедат функционални системи за водоснабдување и наводнување;
- спроведување на мерки за адаптација што ќе вклучат: воведување на систем за рано предупредување и мерки за заштита од поплави, одгледување на (автохтони) житни и градинарски култури што се отпорни на суши, пошумување со дрвенести видови што се отпорни на невреме и пожари, одржување на биолошки коридори за мигрирање на животинските видови и птиците и
- изработка и спроведување на програма за едукација за ефектите и мерките за справување со климатските промени. Едукацијата да ги опфати основните и средните училишта, како и факултетите од техничките и природно-математичките струки, економија, право и социологија.

## 2.8. ДОМ ИМА ОДГОВОР НА КЛИМАТСКАТА КРИЗА

Зелената партија ДОМ е единствен политички субјект во Македонија што го поставува прашањето на климатските промени и се залага за воведување на политики за енергетска и праведна транзиција кон јаглеродно-неутрална економија и за адаптирање, односно намалување на ефектите на климатските промени.

Единствено ДОМ ги следи процесите што започнаа или ќе започнат за справување со климатските промени, кои се однесуваат на:

- Усвојување на Законот за енергетика, со кој се оствари долгогодишната заложба на ДОМ за воведување на обновливите енергии со поголем обем и можноста на домаќинствата да произведуваат електрична енергија за сопствени потреби од обновливи извори;
- изработка на Закон и стратегија за климатска акција што е во почетна фаза;
- изработка на Четврта национална комуникација за климатски промени и втор двогодишен извештај за климатските промени, што се веќе започнати;
- изработка на Стратегија за енергетика, за која започна процесот на јавна консултација;
- изработка на Законот за енергетска ефикасност, што е во собраниска процедура и се очекува да биде наскоро усвоен;
- изработка на нов Просторен план, која започнува во 2020 година, и со кој ќе се утврдат потребните мерки за адаптација на климатските промени во секторите за управување со водни ресурси, на здравството, на земјоделството и производството на храна, на шумарството, секторот за заштита на природното и културното наследство и туризмот и
- намалување на ризиците од катастрофи.

### 2.8.1. Заложби на ДОМ за климатската криза

- Напуштање на јагленот како енергенс за производство на енергија;
- воведување на мерки за праведна транзиција кон јаглеродно-неутрална економија и
- минимум 70% учество на обновливите енергии во вкупното производство на енергија до 2040 година:
  - изградба на соларни и ветерни електрани
  - улично осветлување од обновливи извори
  - поставување на сончеви колектори за производство на електрична енергија и топла вода од домаќинствата
  - изградба на големи хидроелектрани на Црна Река
- 70% енергетска ефикасност на зградите до 2040 година:

- добивање на енергетски пасош за нови и стари згради
  - реновирање на стари згради
  - енергетска ефикасност во јавниот сектор
  - изградба на нови енергетски ефикасни згради
  - означување на електрични апарати
  - енергетска ефикасност во индустријата
- 50% енергетска ефикасност на сообраќајот до 2040 година:
  - поголема употреба на железницата
  - воведување на електрични возила
- 50% енергетска ефикасност на индустријата до 2040:
  - енергетски контроли
  - воведување на систем за управување со енергија во согласност со стандардот ИСО 50001
- Адаптација на климатските промени:
  - заштеди на вода
  - изградба на хидроакумулации
  - пошумување
  - заштита од поплави
  - заштита од пожари
  - примена на автохтони земјоделски култури што се отпорни на суши.

# 3. НУЛА ЗАГАДУВАЊЕ И КОРУПЦИЈА

## 3.1. ЧИСТ ВОЗДУХ

Зголемената индустријализација, интензивирање на производството, користењето на нафтата и нафтените деривати и сообраќајот доведоа до зголемување на концентрацијата на загадувачките супстанци. Со транспортот на голем број загадувачки супстанци, присутни во воздухот, посредно, доаѓа до загадување и на други медиуми од животната средина, како на пример водата и почвата.

Влијанието на загадениот воздухот најсилно се чувствува во две подрачја:

- Во урбаните региони, каде живее мнозинството од населението, што доведува до негативни ефекти врз јавното здравје и
- во екосистемите, каде што притисоците од загадувањето на воздухот го нарушуваат растот на вегетацијата и штетат на биодиверзитетот.

### 3.1.1. Извори на загадување на воздухот

Емисијата на загадувачки супстанци во воздухот потекнува од речиси сите економски и социјални човекови активности: сообраќајот, индустријата, согорувачките и енергетските постројки, домаќинствата, градежните активности, депониите (особено дивите) за отпад и земјоделските активности.

### 3.1.2. Емисии на суспендирани честички

Најкритична загадувачка супстанца се цврстите честички (PM10) чии измерени концентрации често ја надминуваат среднодневната гранична вредност од 50 μg/m3 (особено во зимскиот период) како и дозволениот број на денови (35 денови во текот на една година). Исто така, просечната годишна гранична вредност е надмината во сите урбани средини.

Поимот суспендирани честички претставува смеса од честички (цврсти и течни) суспендирани во воздухот со широк опсег на големина и хемиски состав. PM2,5 се фини честички чиј дијаметар е со големина до 2,5 μm, додека PM10 се честички со дијаметар со големина до

10 μm. Суспендираните честички уште именувани како аеросоли може понатаму да бидат категоризирани како примарни или секундарни суспендирани честички. Примарните суспендирани честички влегуваат во атмосферата директно (на пример од оџаците), додека секундарните се формираат преку оксидација и трансформација, односно хемиски реакции во кои учествуваат примарните гасови именувани како прекурсори. Најважни прекурсори за формирање секундарни суспендирани честички се SO2, NOx, NH3 и VOCs (испарливи органски соединенија).

### 3.1.3. Активности на ДОМ против загадување на воздухот

***Во согласност со барањата на граѓанските организации, Зелената партија ДОМ до Собранието поднесе предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со кој се забранува увоз на отпад што се користи како енергенс.***

***Законот за урбано зеленило беше усвоен од Собранието на предлог на пратеничките на ДОМ. Со овој закон се овозможи ограничување на градежната експанзија преку определување на минимум 20% застапеност на урбано зеленило на градежна парцела, односно 25 м2 урбано зеленило по глава на жител.***

***Условите и начините на спроведување на Законот за урбано зеленило се утврдија со посебен Правилник, чијашто изработка ја координираше државната секретарка во Министерството за животна средина и просторно планирање и потпретседателката на ДОМ.***

***ДОМ иницираше изменување и дополнување на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Правилник за ГВЕ), а која се однесува на граничните вредности на емисија и загадувачки супстанции при согорување во ложишта со топлотна моќ до 1 MW (мали согорувачки постројки). Оваа иницијатива потекна од Инспекторатот на Градот Скопје, воден од потпретседателот на ДОМ, а го координираше потпретседателката на ДОМ – Државна секретарка во Министерството за животната средина и просторно планирање. Измената имаше за цел да се овозможи утврдување на штетни емисии од страна на помалите загадувачи, како и нивно соодветно санкционирање.***

***ДОМ предложи намалување на данокот на додадена вредност за испорака на топлинска енергија од 18% на 5%, што беше спроведено од страна на Владата.***

***ДОМ учествуваше во изработката на Законот за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух. Општините ќе донесат планови за краткорочни мерки за намалување на ае-***

***розагадувањето и преку соодветни наредби и тие мерки, кои досега беа само препораки, веднаш ќе стапат на сила.***

***ДОМ учествуваше и во изработката на новиот Закон за данок на моторни возила со кој од јануари 2020 се пресметува данок за возила согласно емисиите на CO2, кој е повисок за дизел возилата. Електричните возила се ослободени од давачки, а хибридните подлежат на ослободување до 50% од данокот. На овој начин се стимулира обновата на возниот парк и намалување на увозот на стари возила, со пониски Еуро стандарди кои испуштаат повисоки емисии на загадувачки супстанци во воздухот.***

***Во август 2019 година стапија на сила и измените на Законот за возила. ДОМ даде поддршка за спроведување на годишни Програми за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уреди за погон на ТНГ или друг вид на алтернативно гориво и за купување на ново возило со одјавување на старото возило. ДОМ изрази жалење што со Законот за возила се воведе доброволна, наместо задолжителна еколошка категоризација на возилата во зависност од годината на производство и европските Еуро емисиони стандарди на нивните мотори.***

## Приоритети на ДОМ за подобрување на квалитетот на воздухот

- Набавка на мерни уреди во состав на Државниот автоматски систем за монтиоринг на квалитетот на воздухот, како и нивно редовно одржување;
- зголемување на површините под урбано зеленило во градовите;
- финансирање на мерки за енергетска ефикасност и замена на горилниците на фосилни горива во јавните објекти (болници, училишта, градинки, административни објекти на државно и локално ниво) со еколошко гориво и
- доделување субвенции за домаќинствата за:
  - набавка на сончеви колектори за производство на електрична енергија и за топла вода
  - набавка на топлински пумпи
  - енергетска ефикасност
  - набавка на уреди за промена на фосилното гориво во автомобилските мотори со течен нафтен гас или природен гас (метан)
  - набавка на велосипеди и електрични тротинети
  - чистење на оџаци од страна на домаќинствата; обуки и инфраструктура за отпочнување и спроведување на оџачарска дејност.
- доделување субвенции за индустријата за набавка на филтри за помалите индустриски капацитети;
- подобрување на јавниот транспорт;

- изградба на инфраструктурата за велосипедски патеки, промовирање на алтернативен превоз преку развивање на систем за изнајмување на велосипеди;
- транспорт од една до друга локација преку споделување на возило со нашиот сосед, колега, со луѓето од истата населба, односно, организирано заедничко патување во иста насока и време;
- гасификација на индустријата и домаќинствата;
- редовно миење на улиците во градовите;
- спроведување кампањи за подигање на јавната свест за еколошки принципи при греењето (еколошки горива, печки што поседуваат стандард согласно директивата за екодизајн итн.);
- подготовка на нов Закон за квалитет на амбиентен воздух и повеќе подзаконски акти;
- чистење на дивите депонии и воспоставување на интегрирани регионални системи за управување со отпад;
- примена на мерки за намалување на емисии на прашина од градежната индустрија;
- примена на новиот Закон за урбанистичко планирање, итно носење на нов Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и нов Закон за градење и
- борба со корупцијата во урбанизмот, индустријата и други сектори што предизвикуваат или може да предизвикаат загадување на воздухот.

## 3.2. КОНТРОЛА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ

Интегрираните еколошки дозволи или дозволите за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) ги контролираат емисиите на загадувачки материи во воздухот, водите и почвата, како и на создавањето и отстранувањето на отпадот. Оваа контрола се остварува преку утврдување на гранични вредности на емисиите и преку дефинирање на услови за постапување со хемикалии, воведување на најдобри достапни техники и технологии итн.

***Построги гранични вредности во овој сектор се планирани со имплементација на Директивата за индустриски емисии. Тековно ДОМ, преку своите претставници во извршната власт, работи на нов Закон за индустриски емисии што во целост ќе се усогласи со барањата на Директивата. Пред да се утврдат новите гранични вредности и евентуални преодни рокови за индустријата, ќе се организираат опсежни јавни консултации со засегнатите страни, вклучувајќи ја и индустријата и граѓанскиот сектор.***

### 3.2.1. Ревизија на А и Б интегрираните дозволи и на елаборатите за заштита на животната средина

Заради неспроведување на одредбите од оперативните планови на таканаречените „големи индустриски загадувачи", кај дел од нив се уште не се направени премини од А-дозвола за усогласување со оперативен план, во А-интегрирана еколошка дозвола.

За спроведување на постапката на ваквите премини е вклучен Државниот инспекторат за животна средина, бидејќи инспекторите би требало да го потврдат степенот на реализација на оперативните планови, да вршат увиди и да изготвуваат заклучоци за дополнителни податоци. Оваа постапка мора да се интензивира и да заврши во најкус можен рок.

Сличен е пристапот за премините на Б-дозволите за усогласување со оперативен план во Б-интегрирани еколошки дозволи што се издаваат на таканаречените „средни загадувачи": овој процес се спроведува од страна на општините и Градот Скопје и овластените инспектори за животна средина.

Елаборатите за заштита на животната средина што ги регулираат таканаречените „мали загадувачи" се изработуваат со методологија што не е усогласена со барањата на Директивата за контрола и спречување на емисиите. Од тие причини работата на овие инсталации, кои се извор на загадување на воздухот, треба да биде предмет на засилени контроли.

***ДОМ даде голем придонес во контролата на загадувачите на ниво на Град Скопје со особено залгање на Раководителот на градскиот инспекторат, кој е и потпретседател на ДОМ, кој спроведе инспекциски надзор врз депонијата Дрисла и првпат изрече казна и ја забрани работата на инсинераторот за медицински отпад,.***

**Откако ќе се усвои Законот за индустриските емисии, ќе се изврши ревизија на сите издадени А и Б-интегрирани еколошки дозволи, како и на Елаборатите за заштита на животната средина.**

### 3.2.2. Издадени Б интегрирани дозволи за каменоломи

Отворањето каменоломи се одвива со забрзано темпо. Минералните суровини интензивно се експлоатираат, без притоа да се води сметка за заштитатата на животната средина. За да се регулира работата на каменоломите, опшитните издаваат Б-интегрирани еколошки дозволи, а овластените инспектори за животна средина треба да вршат редовен инспекциски надзор врз спроведувањето на условите утврдени со овие дозволи.

Неодамна во струшкото село Лабуништа жителите излегоа на протести, бидејќи беа загрижени дека работата на каменоломите сериозно им го загрозува нормалното живеење и нивното здравје. Се најавува

отворање на уште еден каменолом во пазувите на идниот национален парк Јабланица.

***ДОМ даде силна поддршка за затворање на овие каменоломи од кои се емитира прашина и други загадувачки материи, како и бучава. ДОМ ќе стори се да не се дозволи отворање на уште еден каменолом во ова чувствително подрачје за заштитата на биолошката разновидност, на пределот и на здравјето на луѓето.***

### 3.2.3. Борба против опасни рудници

Изминатите 4 години ДОМ, заедно со граѓанските активисти, се бореше против отворањето на опасни рудници со отворен коп и со примена на цијаниди и сулфурна киселина. ДОМ јавно се спротистави на отворањето на рудникот за злато и бакар Иловица – Штука.

Оваа борба се водеше преку граѓански референдуми и протести на кои активно се вклучи и ДОМ, како и преку донесувањето на Законот за минерални суровини, со кој се забрани употребата на цијаниди и сулфурна киселина. Законот беше подготвен и поднесен од пратеничките на ДОМ.

***Како резултат на заедничката борба, Владата ги одзеде концесиите на рудниците Казандол и Иловица – Штука. Со Законот за минерални суровини се спречи отворање на вакви опасни рудници во иднина, што има огромен придонес за заштитата на животната средина, земјоделското производство, туризмот и здравјето на луѓето.***

### 3.2.4. Борба против корупцијата поврзана со загадувачите

Со години се бориме против загадувањето и не можеме да кажеме дека сме победиле. Тоа е многу фрустрирачки за нас како зелена партија. Донесовме еколошки закони според европските насоки, воспоставивме институции за контрола на загадувањето – инспекторати на државно и локално ниво, се изборивме за зголемување на бројот на инспектори.

Но, ефектот е незадоволителен, а законите не се спроведуваат доволно. Инспекторите, коишто треба да ги наоѓаат и казнуваат загадувачите, најчесто не утврдуваат загадување во текот на извршените инспекциски надзори. Причина за недоследното спроведување на законите и прикривање на загадувачите е корупцијата; таа е можеби и најголемиот загадувач во Македонија на овој план!

Очигледно постои волшебен круг на корупција помеѓу претставници на индустријата, на институциите, на инспекторатите и на приватните лаборатории. Како главни виновници за загадувањето најчесто се посочуваат граѓаните кои користат дрво за огрев и нивните возила, но,

сепак, интензивните согорувачки процеси на фосилни горива од страна на индустријата имаат најголем удел во тоа.

***Државата нема своја акредитирана лабораторија за да ги провери овие наоди и да знае прецизно што се случува со загадувачите. Пратеничките од ДОМ преку амандман на Буџетот обезбедија 100.000 евра за акредитација на државна лабораторија, а преку поднесен закон го спречија и увозот на отпад како енергенс. Со овие интервенции ќе се намали загадувањето и ќе се отвори поле за темелна контрола врз индустриското загадување.***

## Приоритети на ДОМ во областа на индустриското загадување и корупцијата

- Донесување на Законот за индустриски емисии;
- ревизија на сите А и Б-интегрирани дозволи и елаборати;
- брзо, ефикасно и стручно издавање на А и Б-интегрирани еколошки дозволи и на преминот на дозволите за усогласување со оперативни планови во А и Б-интегрирани еколошки дозволи; овој процес да биде транспарентен и да се овозможи вклученост на граѓанскиот сектор;
- спроведување на редовни и вонредни инспекциски контроли на инсталациите; инспекторите, освен што ќе проверуваат документација за спроведени мерења на емисии, да земаат мостри и да вршат мерења на емисиите што ќе се спроведат од страна на акредитираната Централна лабораторија;
- изработување Катастар на загадувачи;
- обезбедување соодветен број стручни и опремени инспектори за животна средина на национално и локално ниво и континуирано да се спроведуваат обуки за зајакнување на капацитетите на инспекторите;
- координација на активностите на инспекторатот на Градот Скопје, на овластените еколошки инспектори и на Државниот инспекторат за животна средина, заради размена на информации и целосно покривање на теренот, во согласност со нивните надлежности;
- акредитација на централна лабораторија при Министерството за животна средина и просторно планирање;
- развивање и вклучување на граѓанското општество, како најпосветен чувар на граѓанската еколошка свест и свесност и
- иницирање на парламентарни дискусии, доставување на претставки до судските органи, протести и кампањи, секогаш кога индустриските загадувачи, односно надлежните органи, не постапуваат во согласност со законските барања.

## 3.3. НУЛА ОТПАД

***Како најважна тековна активност на Министерството за животна средина и просторно планирање е воспоставувањето интегрираното регионално управување со отпад. Постои планска документација за шест региони, која беше изработена со обезбедени средства преку ИПА фондовите. Исто така, интензивно се работи на финализирање на новата регулатива за управување со отпад, во насока на усогласување со новите ЕУ директиви за отпад.***

### 3.3.1. Регионално управување со отпад

Општините од источниот и североисточниот регион и општина Свети Николе (вкупно 18 општини) донесоа одлуки за формирање на јавно регионално претпријатие за управување со отпад, кое ќе управува со регионалната депонија и претоварните станици за овие 18 општини. Проблемите со локалното население што се противеше на изградба на санитарната регионална депонија за комунален отпад се надминати.

Затворањето на нестандардните депонии/диви депонии и набавката на опрема за собирање и транспорт на отпадот за овие општини е започната. Изградбата на регионалната санитарна депонија и претоварните станици ќе започне до крајот на 2020 година.

За вардарскиот, пелагонискиот, југозападниот и југоисточниот регион, се спроведуваат анализи за оптималната структура на финансирање на регионалните системи за управување со отпад. Обезбедувањето финансиски средства за набавка на камиони и контејнери, затворањето на непрописните и диви депонии и изградбата на регионалните санитарни депонии, ќе започне во 2021 година.

Во полошкиот плански регион во тек е изработка на Регионален план за управување со отпад и чистење на сите нелегални сметилишта во регионот. Веќе се спроведоа брзи мерки за санација на состојбата на регионалната депонија „Русино“ која ги опслужува општните од овој регион.

### 3.3.2. Изработка на нови закони за управување со отпад

Министерството за животна средина и просторно планирање го започна процесот на усвојување на следните закони: Управување со отпад, Управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори, Управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Управување со пакување и отпад од пакување, Управување со посебни текови на отпад и Закон за проширена одговорност на производителите.

***Со примената на законите ќе се постигне поголем процент на рециклажа, ќе се стимулира циркуларната економија и ќе се забранат пластичните кеси.***

### Приоритети на ДОМ во областа „Нула отпад"

- Итно воспоставување на регионалните системи за управување со комуналниот цврст отпад;
- подобрување на услугата за собирање на отпад од урбаните и руралните средини, подобрување на јавната хигиена и чистење на дивите депонии;
- подигање на свеста на граѓаните за намалување на создавањето отпад и подобрување на јавната чистота, како и спречување на појавата на илегални депонии;
- селектирање на отпадот од страна на домаќинствата;
- контрола врз издавањето на дозволите за складирање и преработка на отпад и
- воспоставување на регистар на секундарни суровини како прв чекор кон развивање на циркуларна економија.

## 3.4. ОДРЖЛИВ ТРАНСПОРТ

Треба да се напушти принципот на „авто-центричен" урбан транспорт, а пешаците, велосипедистите и јавниот превоз да бидат приоритет. Потребно е да се овозможи полнење на електрични возила, издвоен пешачки и велосипедски сообраќај (пешачки зони и патеки, велосипедски патеки, велосипедски ленти). Улиците да обезбедат безбедно движење и на ранливите учесници во сообраќајот.

Интегрираниот транспорт да овозможи комбинирање на велосипедскиот со јавниот превоз и железничкиот сообраќај преку превоз на велосипеди во автобус и железница, обезбедување вело-паркинзи на автобуските и железничките станици, креирање пристап за велосипеди од/до станиците од/до самите возови.

***Прифатени се иницијативите на ДОМ за пешачки зони во централните подрачја на Скопје и Битола.***

### 3.4.1. Електромобилност

Електромобилноста ќе ги трансформира урбаните средини и ќе ја промени урбаната архитектура и архитектонскиот пејзаж на градовите.

Македонија треба да направи сеопфатна среднорочна, а во понатамошни фази и долгорочна државна стратегија за електрификација на транспортот, што ќе ја надополни Стратегијата за енергетика (2020-2040).

Потребно е да се поставаат темели на стандардизацијата, во која ќе се дефинирана динамиката за инвестирање во државната полначка инфраструктура преку државно субвенционирање.

### Приоритети на ДОМ во областа на електромобилноста

- Субвенции за набавка на електрични возила;
- забрана за возење на возила со мотори за внатрешно согорување во централните подрачја на сите градови низ Македонија кои ќе бидат пешачки и вело зони, во кои ќе можат да поминуваат дистрибутивни електрични возила;
- бесплатно полнење за електрични возила на јавната полначка инфраструктура;
- бесплатни патарини и бесплатно паркирање за електричните возила;
- набавка на електрични автобуси за јавен транспорт во сите поголеми градови;
- комплетна електрична интерконекција помеѓу урбаните средини со шински електрични возила за Македонски железници и
- користење на Европски фондови со кои се стимулира купувањето електрични off road возила (градежни и земјоделски машини).

## 3.4.2. Алтернативни форми на транспорт: велосипедизам и пешачење

Сообраќајот во урбаните средини главно е небезбеден и не се ретки случаите кога страдаат пешаци и велосипедисти. Сообраќајниот метеж се должи на користењето на лично возило за било каква дистанца, заради недостигот на свест за ефектите од ваквите навики. Дополнително, се јавуваат здравствени проблеми кај населението (проблем со загадување, недостиг од физичка активност, итн.).

Со серија мерки за развој и унапредување на урбаниот велосипедизам ќе се привлечат поголем број граѓани на велосипед во сообраќајот. Со тоа значително ќе се помогне во решавање на голем дел од проблемите со кои се соочуваме како општество: ќе се намали загадувањето, ќе се подобри јавното здравје и ќе се решат некои од најголемите градски проблеми поврзани со сообраќајниот метеж. Притоа ќе се заштедат средства од буџетите на општините, како и буџетите на министерствата за здравство, транспорт и животна средина. Крајно време е велосипедот да се третира како примарно во категоријата транспорт, а дури потоа во спорт, рекреација или туризам.

***ДОМ и граѓанските организации имаат визија Македонија да стане велопријателска земја на Балканот, земја во која:***

- ***Велосипедот станува рамноправен учесник во сообраќајот во градовите во Македонија, а започнува и поврзување меѓу населените места со велосипедски патеки;***

- *градовите нудат услови за велосипедот да биде посакуван избор за превоз на граѓаните;*
- *бројот на жртвите во сообраќајот драстично да се намали;*
- *целосно намалување на загадувањето и*
- *населението ќе има здраво, пријатно, безбедно и квалитетно место за живеење со повеќе пешачки, велосипедски патеки и зелени јавни простори.*

## Приоритети на ДОМ во областа на алтернативниот транспорт

- Итно усвојување на „Правилникот за проектирање и изградба на велосипедска инфраструктура" од 2014-та година (во чија изработка даде придонес и здружението НаТочак) со цел да се спречат импровизации; воведување на стандарди за проектирање на велосипедска инфраструктура;
- донесување на Национална стратегија за забавување на сообраќајот во населени места;
- задолжителна изработка на стратегија и план за велосипедски сообраќај за сите поголеми населени места;
- формирање Национален фонд за поддршка за развој на велосипедски сообраќај во општините;
- формирање посебен буџет во рамки на општините за изградба на нова и унапредување на постоечката инфраструктура за велосипедски сообраќај;
- задолжителни паркинзи за велосипеди во станбените објекти, деловни и јавни установи;
- законски измени со кои полицијата или комунални редари ќе можат поефикасно да го заштитат просторот на ранливите учесници во сообраќајот од узурпација;
- поголема активност на полицијата во спроведување на сообраќајните правила (пред сè оние кои се однесуваат на почитување на брзината, првенство на минување итн.) чие непочитување е причина за жртви;
- децата од претшколска возраст, основно и средно образование, соодветно да ги совладуваат основните управувачки велосипедски вештини;
- да се реконструираат и активираат велосипедските полигони во училиштата;
- авто-школите да воведат задолжителни часови за возење на велосипед за идните возачи на моторни возила, развивање на одговорност кај возачот кон останатите учесници во сообраќајот и комплексно разбирање на мобилноста;

- поттикнување на бизнис-заедницата и јавните институции да ги стимулираат своите вработени да користат велосипед како секојдневно превозно средство;
- изработка на планови за велосипедска инфраструктура во градовите и вложувања во неа заради остварување на придобивки за здравјето, квалитетот на живот и безбедноста на населението, и туризмот и
- изградба на велосипедски поврзувања меѓу населени места и локации во корист на населението, но и на зелениот туризам.

## 3.5. ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

### 3.5.1. Квалитет на водите

При анализа на измерените податоци за средногодишни концентрации на нитрати во реките може да се забележи дека квалитетот на водата на сите мерни места одговара на пропишаните вредности за квалитет од I-II класа. Во однос на средногодишните концентрации на нитрити, на повеќето мерни места може да се забележи дека квалитетот на водата одговара на III – IV класа.

Во однос на податоците добиени од мониторингот на тешките метали, во реките на 20 мерни места се забележува дека концентрацијата на опасните и штетни материи следена преку концентрациите на железо, кадмиум, цинк, олово, бакар, никел, хром и манган, не покажува некои поголеми отстапувања на вредностите во однос на мерењата од изминатите години, кога концентрациите на истите индикатори беа во рамките на пропишаните концентрации за класификација на водите.

Квалитетот на водите на Охридското Езеро за повеќето параметри е во рамките на I класа, освен за фосфор, кој на сите мерни места се движи од II-III класа. Поголеми оптоварувања со вкупен фосфор се забележуваат во јуни и јули.

### 3.5.2. Заштита на водите

Заштитата на водите се врши преку воспоставување системи за интегрирано управување со водите (на ниво на речен слив), финансирање на проекти за изградба на системи за водоснабдување, собирање и третман на отпадни води.

Неодамна се реализирани и завршени неколку поважни градежни проекти: рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Прилеп, Куманово и Берово, изградба на пречистителни станици во Прилеп, Струмица, Кичево и Радовиш.

Тековно се реализираат подговителни работи за изградба на станица за пречистување на отпадните води за Скопје, чијашто вредност е проценета на 136 милиони евра.

### Приоритети на ДОМ во областа на заштитата на водите

Подигање на капацитетите на институциите за подобро управување со водите;

- намалување на загуби од системите за водоснабдување;
- замена на азбестно-цементните водоводни мрежи;
- пречистување на отпадните води: одржување на постојните станици за пречистување на отпадните води и изградба на нови пречистителни станици;
- реформи на јавните претпријатија;
- планска изградба на системи за водоснабдување, одведување и пречистување на отпадните води, преку координација помеѓу надлежните институции: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и општините;
- редовна координација со Министерството за земјоделство во однос на изведба на системите за наводнување, како дел од спроведувањето на плановите за управување со речни сливови;
- користење на техничка вода за наводнување на зелени површини;
- реконструкција, рехабилитација и доизградба на колекторскиот систем на Охридското Езеро и реконструкција на пречистителната станица во Враништа;
- доизградба на канализацијата и реконструкција на пречистителната станица во Дојран;
- подобрување на функционирањето на пречистителната станица за Преспанското Езеро;
- чистење и рехабилитација на системите за наводнување и одводнување и
- адаптација на климатските промени.

## 3.6. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ

Заради непостоење на мониторинг врз квалитетот на почвата, не може да се утврди концентрацијата на загадувачки материи на карактеристични локации. При повремени мерења, утврдено е присуство на тешки метали во областите покрај металопреработувачките индустрии. Тешки метали во почвата се среќаваат и покрај фреквентните авто-патишта.

### 3.6.1. Контаминирани локации – „жешки точки"

Шеснаесет локации (главно топилнички и руднички капацитети) се означени како историски жаришта заради присуството и емисијата на хемиски и органски загадувачи во почвите, но и во површинските и подземните води. Најсериозна закана за почвите и водите е линданот во Охис, хемиските соединенија и тешки метали во Пробиштип (Злето-

во), Југохром (шестовалентен хром) и Топилницата во Велес. За отпадот што со децении се складира на овие депонии постои интерес од страна на приватниот сектор со цел искористување на вредните компоненти.

Дел од жариштата се санирани парцијално, но загадувањето сеуште постои и влијае на безбедноста на храната произведена во близината на овие локации и на квалитетот на бунарските води што се користат за пиење.

***Долгогодишниот проблем со техничкиот отпад (α-HCH, β-HCH и линдан) кој е депониран во фабриката ОХИС, започна да се решава. Согласно изработената проектна документација треба да се отстранат десет илјади тони линдан и контаминирана почва. Беше распишан тендер од страна на меѓународната организација УНИДО, како агенција за техничка имплементација на средствата од ГЕФ. Обезбедени се 2 милиони долари, а остатокот до потребните 6 милиони го обезбедува Владата и други донатори. На меѓународниот тендер се пријавија 5 компании и со процес на селекција ќе се утврди соодветната технологија за чистење на депонијата и рокот што ќе зависи од доставените понуди.***

***ДОМ преку своите претставници во извршната власт е непосредно вклучен и дава силна поддршка за успешно спроведување на процесот.***

***Од кругот на ОХИС започна изнесувањето на хемикалии што со години се чувале во резервоари или несоодветни пакувања. Тие се идентификуваат, соодветно се пакуваат и се извезуваат во земји во кои има постројки што може безбедно да ги преработат овие хемикалии.***

### Приоритети на ДОМ во областа на заштита на почвите

- Донесување на Закон за квалитет на почва со обврска за редовен мониторинг и ремедијација на загадената почва;
- обезбедување финансиски средства за целосно санирање на историското загадување во индустриските жаришта и
- изработка на Карта на загадени почви.

## 3.7. ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ ЖИВЕАЛИШТА, БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ, ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

### 3.7.1. Значењето на биолошката разновидност

Биолошката разновидност според Конвенцијата за биолошка разновидност опфаќа три различни компоненти: генетска, видова и еколошка разновидност. Во последните две децении, стана јасна и недвосмислена поврзаноста на биолошката разновидност со благосостојбата на луѓето. Во таа насока таа претставува „темел на широк

спектар екосистемски услуги кои придонесуваат кон благосостојба на луѓето“

Екосистемите имаат клучна улога во обезбедувањето на храна, вода, медицински растенија и чист воздух; и самите процеси што се одвиваат во природните екосистеми имаат благотворно дејство врз животот на луѓето - ги штитат од поплави, ерозија и климатски промени.

### 3.7.2. Македонија е „жариште” на биолошката разновидност

Македонија се наоѓа во централниот дел на Балканскиот Полуостров и е дел од поширокиот медитерански регион кој е идентификуван како трето најзначајно жариште на биолошката разновидност во светот според бројот на ендемични растителни видови. Иако релативно мала по територија (25.713$km^2$), Македонија зазема значајно место на глобалната карта на жаришта на биолошката разновидност. Досега се идентификувани 28 значајни типови/групи на екосистеми во кои се вклучени 177 типови живеалишта, податок којшто упатува на висока разновидност на екосистемите во Македонија.

### 3.7.3. Заштита на биолошката разновидност

И покрај природното богатство и биолошката разновидност на Македонија, клучни делови од природата не се заштитени, или доколку уживаат правен статус на заштита, таа не се спроведува на соодветно ниво.

Од трите национални паркови (Маврово, Пелистер и Галичица), Националниот парк Маврово се уште не е повторно прогласен. Предлог-планот за управување, со кој се утврдени зоните и режимите за заштита, не може да се применува. Територијата на паркот е ранлива кон идни инвестиции, бидејќи екосистемите и видовите не се трајно заштитени со закон. Причината за оваа состојба е одлуката на Владата во 2015 година да се градат мали хидроелектрани во срцето на паркот. Овие мали хидроелектрани се планирани во најстрогата зона за заштита на паркот. Дури и Јавната установа - Национален парк Маврово има дадено согласност да се изградат овие мали хидроелектрани, сметајќи на приходи од надоместокот за концесија. Меѓутоа, граѓанските организации и научната јавност се спротивставија на реализацијата на овие штетни инвестициски проекти и од планирани 6 мали хидроелектрани, изградени се две. За останатите се уште се водат постапки за добивање на соодветни дозволи за градба. Потребно е овие постапки да се прекинат и да се одземат веќе издадените дозволи за концесија, за да се создадат услови за донесување Закон за повторно прогласување на Националниот парк Маврово.

Одлуката за тоа дали ќе се градат овие мали хидроелектрани се носи премногу долго, бидејќи одземањето на дозволата за концесија е

поврзано со обештетување на инвеститорите. Новото раководство на Јавната установа национален парк Маврово се залага за изнаоѓање решение за да може строго да се заштити подрачјето на кое се планира изградба на малите хидроцентрали, односно да се спречи нивната изградба. Одлука за стопирање на нивната изградба ќе мора да се донесе многу брзо, доколку сакаме да спречиме натамошно уништување на биолошката разновидност во паркот.

***Зелената партија ДОМ се залага за заштита на биолошката разновидност и лобира дека економскиот развој не е поважен од заштитата на природата и дека уништувањето на екосистемите би имало сериозни последици. ДОМ бескомпромисно работи на зачувување на секоја педа природа, бидејќи тоа значи чиста вода, воздух, заштита од поплави и климатски промени. Тоа е наш влог пред идните генерации.***

Покрај Националниот парк Маврово, на удар на бизнис интересите се и Споменикот на природата Матка, строгиот природен резерват Тиквешко Езеро и парк шумата Водно. За жал, постапките за прогласување на овие заштитени подрачја траат премногу долго. Очигледно постои интерес тие да не се заштитат, за да може да се градат објекти и инфраструктура, на штета на зачувувањето на природната околина и на биолошката разновидност.

Тековно се реализираат проекти за прогласување на пределот на Осогово, Национален парк Шар Планина, и Споменикот на природата Студенчишко блато. Прогласувањето на Националниот парк Шара, слично како во Националниот парк Маврово, се соочува со предизвици. Во највредните делови на екосистемот на Шара е предвидена изградба на мали хидроелектрани.

***Изградбата на мали хидроелектрани е проследена со големи штети врз биолошката разновидност. ДОМ силно се спротивставува на доделувањето концесии за мали хидроелектрани во заштитените подрачја и се залага за нивно конечно одземање.***

Прогласувањето на заштитениот предел Осогово, исто така, не оди лесно, заради недоволната поддршка од страна на градоначалниците што ја сметаат заштитата како пречка за реализација на проекти за инфраструктура и експлоатација на минерални суровини.

Се уште не е започнато препрогласувањето на Споменикот на природата Охридско Езеро. И покрај теоретски и статистички ставените 9% од територијата под заштита, во стварност се под заштита многу помалку (всушност само националните паркови Пелистер и Галичица имаат донекаде доволна заштита, а останатите вредни делови на природата се оставени на милост и немилост на бизнис интересите на инвеститорите).

***ДОМ посветено работи на заштитата на биолошката разновидност и дава поддршка за прогласувањето на заштитените подрачја што се во постапка. ДОМ бара да се номинираат соодветни тела за***

***нивно управување и да се обезбедат доволни финансиски средства и човечки ресурси што ќе обезбедат ефективна заштита.***

### Приоритети на ДОМ во областа на заштитата на природата и биолошката разновидност

- Стопирање на изградба на мали хидроелектрани во заштитени подрачја;
- прогласување на Националниот парк Маврово и одземање на концесиите за малите хидроелектрани што се планираат на територијата на паркот;
- ставање под привремена заштита на Споменикот на природата Матка, заштитениот предел Осогово, Споменикот на природата Студенчишко блато, заштитениот предел Водно, до нивното конечно прогласување;
- препрогласување на Споменикот на природата Охридско Езеро;
- прогласување на Охридското Езеро и Студенчишкото блато за места заштитени согласно Рамсарската конвенција;
- основање на тела за управување со Спомениците на природата Охридско Езеро и Студенчишко блато;
- подобрување на ефикасноста на управување со постојните заштитени подрачја и обезбедување на доволни финансиски средства и човечки капацитети за нивните тела за управување;
- обука на различни засегнати страни за значењето на биолошката разновидност и екосистемските услуги;
- координација помеѓу надлежните институции за спречување на издавање на дозволи за експлоатација на минерални суровини и пренамена на земјоделско во градежно земјиште во подрачја планирани за ставање под заштита;
- воспоставување на Натура 2000 подрачјата, како дел од европската мрежа на заштитени подрачја;
- спроведување на редовен мониторинг на екосистемите и биолошката разновидност во и надвор од заштитените подрачја и
- подигање на свеста на граѓаните за потребата од заштита на природата и биолошката разновидност.

## 3.7.4. Заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион

Природното и културното наследство во Охридскиот регион се соочува со голем број закани, како на пример:

- Изградба на плажи и трајни објекти со што се трансформира крајбрежјето, се губи неговата функционалност и се зголемува внесувањето загадувачки материи во Охридското Езеро; истовремено се уништуваат живеалиштата на водните видови и нега-

тивно се влијае врз ендемичните видови во езерото, кои се дел и од светското наследство заштитено со УНЕСКО;

- недоволно ефикасен систем за пречистување на отпадните води од населбите и туристичката инфраструктура;
- неодржлииво земјоделско производство и загадување на почвата и водите од прекумерна употреба на вештачко ѓубриво и пестициди;
- несоодветно управување со отпад и настанување на голем број диви депонии што ги загадуваат и уништуваат природните вредности;
- урбанистичко планирање што овозможува трајно нарушување на исклучителните универзални вредности на архитектурата;
- планирање големи инфраструктурни објекти (железница, автопат, далновод, гаасовод), без притоа да биде земена предвид исклучителната универзална вредност на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

***ДОМ преку своите претставници во Собранието и извршната власт активно работи врз спроведување на препораките на УНЕСКО, зачувувањето на статусот на заштитата и овозможувањето придобивки за граѓаните од задржувањето на овој статус.***

## Приоритети на ДОМ во областа на заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион

- Продолжување на мораториумот за изградба и легализација на бесправно изградени објекти додека да се создадат услови за зачувување на исклучителните универзални вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- унапредување на урбанистичкото планирање за зачувување на исклучителните универзални вредности;
- спречување на натамошно уништување на крајбрежјето и забрана за отварање на нови плажи;
- ревитализација на значајни живеалишта во крајбрежниот појас и спречување на натамошното уништување на Студенчишкото блато и
- напоредно планирање на инфраструктурни проекти што се водат во еден коридор (на пример автопат и железница, или далновод и гасовод) и консултации со стручните тела на УНЕСКО пред носењето одлука за избор на траса и отпочнување со финансирање.

# 4. ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА И ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

Економскиот развој во Македонија веќе резултираше со социјални и еколошки последици. Зелената партија ДОМ смета дека треба да се применуваат чисти технологии и економијата да стане зелена. Во таа насока, ДОМ е политички субјект што искрено и посветено се залага за транзиција кон одржлива и зелена економија.

Зелената економија е концепт што е холистички во својата форма – поттикнува развој но истовремено се залага за почитување и зачувување на регионалниот и глобалниот екосистем, ја подобрува човековата благосостојба и социјалната еднаквост.

## 4.1. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Тековните економски и политички структури во светот, но и во Македонија, поттикнуваат неодржлива практика, предизвикуваат сиромаштија и други форми на социјална неправда.

За да имаме одржлива животна средина и одговорно општество, ДОМ инсистира да се работи на подигање на свеста на луѓето за важноста на заштитата на животната средина и климата и за квалитетот на животот и здравјето на луѓето. Самите граѓани можат да направат многу за да се подобрат состојбите. Затоа ДОМ постојано организира настани, дебати и ги ангажира сите сили во општеството што може да направат исчекор и да придонесат за подобрување на локалните услови.

***Активностите за подигање на свеста и едукацијата на населението за животната средина и климата никогаш не се доволни. Затоа ДОМ се залага за воспоставување систем на образование за одржлив развој во сите образовни институции како дел од редовниот курикулум, за да се овозможи преминот кон зелената економија.***

***Образованието за одржлив развој треба да овозможи поврзаност меѓу политичкото образование, еколошкото образование и здравственото воспитување.***

### 4.1.1. Систем на образование за одржлив развој

Голем број светски проблеми, вклучувајќи ги тука и еколошките, се поврзани со начинот на живеење. За да се променат негативните трен-

дови, неопходно е да се трансформираат социјалните услови и животниот стил на населението. Образованието за одржлив развој треба да овозможи учениците да се информираат за последиците од нивното индивидуално делување и да ја преземат својата улога за промена на состојбите и намалување на прекумерната потрошувачка.

ДОМ смета дека учениците мора да научат како критички да размислуваат за нивното место во светот и да проценат што значи одржливоста за нив и за нивните заедници. Тие треба да можат да ги визуелизираат алтернативните начини на развој и живеење, да учат како да преговараат, да прават планови за постигнување на посакуваните цели и да превземат одговорност и учествуваат во животот на заедницата за да ги остварат тие цели.

Ова се вештините и способностите кои придонесуваат за добро граѓанство и го прават образованието за одржлив развој дел од процесот на градење на информирано и активно засегнато население. На овој начин, образованието за одржлив развој ќе придонесе за едукацијата за демократија и мир.

### Приоритети на ДОМ во областа на образованието за одржлив развој

- Градење вредности и ставови на учениците што секогаш ќе го земаат предвид одржливиот развој, односно: врските помеѓу пазарните сили, културните вредности, правичноста, владината акција, како и влијанието на човековите активности врз животната средина на сеопфатен и независен начин;
- ревидирање на учебниците од областа на општествените науки за тие да можат да ги разберат причините за неодржливиот економски развој што често ги потенцираат економските профитни интереси на мал број луѓе и корпорации и
- ревидирање на учебниците од областа на природните науки и во нив да се стави акцент врз зачувувањето на природата што е значајно за иднината и опстанокот на човештвото.

## 4.2. ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО

Изминати се 18 години од последниот попис на населението, што претставува сериозен проблем за донесување на голем број одлуки што се важни за економскиот и социјалниот развој на земјата. Државниот завод за статистика публикува проценки за бројот на населението, врз основа на историски податоци, бројот на новородени, починати лица и миграциите. Податоците околу миграциите и структурата на етничките заедници не се прецизни и заради тоа и самите проценки на бројот на население што постојано живее во Македонија се дискутабилни. Последната направена проценка за бројот на населението изнесува 2.070

226 жители, меѓутоа оперирањето со оваа бројка, без претходно да се направат теренски проверки и други статистички операции што се карактеристични за пописот на население, отвора многу дилеми и сомнежи.

***Транзицијата кон јаглеродно-неутрална економија и зелени градови, за која се залга ДОМ, не е можна без добивање на кредибилни демографски показатели. Затоа ДОМ бара итно и без одлагање да се спроведе попис на населението.***

## 4.3. ЗЕЛЕНИ ПАМЕТНИ ГРАДОВИ

Во нашата земја повеќе од две третини од вкупното население живее во градовите. Историски гледано, населението ги препознава градовите како места кои нудат можности за економска стабилност, вработување и подобри услови за живот. Градовите претставуваат движечка сила на социјалниот прогрес и економскиот развој на земјата. Трендот на населување во градовите и понатаму е во подем и се очекува истите да бидат изложени на структурни промени, кои несомнено ќе резултираат со промени во квалитетот на живот на населението во градот.

Зголемената потрошувачка на енергија, порастот на потрошувачката и побарувачката, кои резултираат со зголемување на количината на создаден отпад, како и изразената употреба на автомобилот како средство за превоз, придонесуваат за зголемување на емисиите на загадувачки материи во животната средина. Трендот на изградба на објекти за домување, исто така, има негативно влијание врз зелените површини во градот кои се повеќе наликуваат на скриен ресурс во фрагментираните урбани зони.

***ДОМ смета дека притисокот врз животната средина во урбаните подрачја е неодржлив. Одтука, е неопходна целосна трансформација во планирањето на развојот на населбите и воведување на концептот на зелени паметни градови.***

### 4.3.1. Важноста на просторното планирање за зелени паметни градови

ДОМ смета дека планирањето на просторот, како рамка за рационална употреба на земјиштето и формирање на паметни зелени градови, има важна улога за одржливиот развој, преминот кон јаглеродно-неутралната економија, адаптацијата на климатските промени и заштитата на екосистемите и биолошката разновидност во и надвор од градовите и населбите.

Уредувањето на просторот, развојот на населбите и донесувањето на просторните политики за искористување на ресурсите, се спроведуваат преку изработка на просторен план на државата, на регионите, општините и за подрачјата од јавен интерес.

Занемарувањето и недостигот на финансиски средства за изработка на просторни планови резултираше со недоволна покриеност на просторот со соодветна просторно-планска документација. Исто така, Просторниот план на Република Македонија, кој беше усвоен во 2004 година, не претрпи ниту една измена и дополна во изминатите 16 години, иако промените во општеството и во сферите кои ги разработува просторниот план налагаа потреба од измени и дополнувања. Овие состојби се одразија на донесување урбанистички решенија кои не соодветствуваат со одредбите за уредување на просторот од повисоко ниво. Исто така, други секторски стратегии што се донесени во периодот после 2004 година не се адекватно интегрирани, или се во спротивност со одредбите на важечкиот просторен план, кој е застарен. Овие состојби доведуваат до анархија во просторот, што негативно се одразува на политиките на користење на земјиштето и заштитата на животната средина и климата.

За да се применат принципите на современото просторно планирање што е флексибилно и ги воведува паметните зелени градови и зелената инфраструктура, потребно е да се измени постојната методологија за изработка на просторен план и да се пристапи кон изработка на нов Просторен план.

## Приоритети на ДОМ во областа на просторното планирање

- Изработка на нов закон за просторно планирање;
- изработка на нов закон за спроведување на просторниот план;
- зголемување на буџетските средства во секторот просторно планирање, со цел покривање на целата територија на земјата со просторни планови;
- зголемено учество на јавноста во постапката на изработка и донесување на просторните планови;
- редовно ажурирање на податоците во просторните планови, за што треба да се планираат буџетски средства во законски утврдена рамка;
- планирање на буџетски средства во општините неопходни за изработка на Просторен план на секоја општина;
- креирање на инструменти за следење на степенот на имплементација на просторните планови, за да се анализираат и отстранат факторите кои спречуваат доследно спроведување на просторните планови во пракса и
- повторно враќање на просторно планирање во високото образование (факултети за архитектура, географија, шумарство, земјоделство, екологија и слично), за да се обезбеди креирање на стручни кадри кои во иднина ќе дадат придонес во оваа област.

## 4.3.2. Важноста на урбанистичкото планирање за зелени паметни градови

Постојната законска рамка која го регулира урбанистичкото планирање и градењето, овозможува зголемување на профитот на инвеститорите, преку реализација на проекти кои, многу често не се во интерес на граѓаните бидејќи го намалуваат квалитетот на живот во урбанизираните подрачја.

Досегашната практика покажува дека системот на урбанистичко планирање на просторот во земјата поттикнува инвестиции во јавниот, а особено во приватниот сектор, на места на кои и нема услови, а ни потреба за зголемување на степенот и густината на градба.

Постојат многу урбанизирани места кај кои капацитетот на постојната инфраструктура е веќе преоптоварен, заради што се излеваат водоводните или канализационите цевки и при најмали врнежи. Изградбата на новите објекти би го намалила квалитетот на живот и на локалното население, но и на жителите кои ќе се вселат во новоизградените објекти.

Легализацијата на дивоградбите која е актуелна изминатите години, е популистичка мерка која на долг рок е на штета на граѓните, затоа што ги дели на граѓани кои дивоградбите ги легализираат за помалку или повеќе пари и на граѓани кои ги запазуваат постапките и добиваат одобрение за градба во легална постапка.

Урбанистичките планови треба да се изработуваат професионално, без притисоци од разни сфери на интерес, со цел да се спречи градење на објекти кои со својата поставеност и волумен придонесуваат за намалување на осончеността и проветреноста на просторот, како и промени во микроклимата, кои се од исклучителна важност за намалување на загадувањето на воздухот.

***Пратеничките на ДОМ се заложија за донесувањето на новиот Закон за урбанистичко планирање што ќе го хуманизира просторот, ќе овозможи градовите да „дишат" и да се „зазеленат" и ќе го стопира натамошното зголемување на густината на изграденост.***

***Пратеничките на ДОМ, во соработка со граѓанските организации, доставија голем број на амандмани на предлог Законот за урбанистичко планирање и истите беа прифатени. Новиот закон за урбанистичко планирање, со вклучените амандмани, ќе донесе значителни промени во урбанистичкото планирање, бидејќи го штити јавниот интерес и е целосно усогласен со Законот за урбано зеленило.***

### Приоритети на ДОМ во областа на урбанистичкото планирање

- Почитување на основните принципи во урбанистичкото планирање - заштитата на јавниот интерес, хуманизирањето на прос-

торот и обезбедување квалитетен живот, како и заштита на животната средина и климата;

- донесување на нов Закон за урбанистичко планирање што ги применува наведените принципи;
- суспензија на генерални и детални урбанистички планови за да се спречи примена на плански решенија со кои се врши натамошна дехуманизација на просторите на начин што:
  - се уништува зеленило,
  - се спречува струењето на воздухот и осончување на внатрешните простории во објектите,
  - се создаваат топлотни острови,
  - се оптоварува инфраструктурата и сообраќајниците и се намалува безбедноста;
- отстранување на густиот сообраќај од резиденцијалните зони, спречување на секојдневната циркулација на возила во градското јадро, преку организирање транспортни центри за оставање на личното возило и користење на јавен транспорт до финалната дестинација во градот;
- зголемување на процентот на јавни простори како плоштади, паркови, места за собирање и прошетки;
- трансформација на сервисните и станбените улици во густо населените урбани јадра во пешачки зони, овозможувајќи пристап само за локалните жители, противпожарните и амбулатните возила, а за возилата за дистрибуција на продукти да се применуваат посебни услови;
- структурни промени на урбанизацијата преку измена и дополна на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање заради:
  - Намалување на максималните проценти на изграденост / коефициенти на искористеност на градежните парцели и да се спречи натамошна „бетонизација”,
  - ревидирање на таканаречените „компатибилни класи на намена”, за да се спречи натамошно уништување на зеленилото и
  - имплементација на политиките за зголемување на зеленилото до 25 $m^2$ по жител.
- дислокација на големите загадувачи преку пренамена на зоните за тешка загадувачка индустрија во нови градски функции што ќе го заштитуваат јавен интерес и ќе овозможат нивна рекултивација и ревитализација и примена на доволна застапеност на урбано зеленило и
- зголемување на данокот на недвижен имот, особено за сопствениците на два и повеќе објекти за домување, деловни објекти и друго.

### 4.3.3. Концепт за зелени паметни градови

Зелените градови се еколошки и здрави градови. Со појавата на обновливите извори на енергија, интегрирањето на електричната мобилност и оптимизирањето на јавниот и зголемувањето на алтернативниот транспорт, управувањето со потрошувачката на енергија во зградите, рециклирањето и преработката на отпадот, зелените бизниси, урбаното градинарство и органското производство на храна, нашите градови полека се трансфомираат во паметни зелени градови. Овој концепт, кој базира на нови зелени технологии и информациски и комуникациски алатки, овозможува премин кон циркуларна и јаглеродно-неутрална економија, односно рамнотежа помеѓу активностите на човекот и природата.

Основната карактеристика на зелените градови е **зелената инфраструктура,** која има важна мултифункционална улога за подобрување на животните навики: намалување на загадувањето на медиумите во животната средина (вклучително и загадувањето од бучава), контрола на ерозија на почвата; ублажување на урбаната клима (намалување на урбаните топлински острови) и подобрување на квалитетот на урбаното живеење.

### Приоритети на ДОМ во областа на урбанистичкото планирање

- Воведување на зелен транспорт (јавен превоз, електрични возила, велосипеди);
- воведување на “car-pooling and car sharing” – споделување на автомобил заради намалување на трошоците, кои се поделени меѓу патниците, како и намалување на бројот на возила на патот, со соодветно намалување на загадување, потрошувачка, несреќи и паркинг проблеми;
- воведување „зелени“ зона без автомобили во централните градски подрачја;
- забрана за тешки товарни возила во градовите – користење обиколници;
- инсталирање на паметни системи за управување со енергија во зградите;
- интегрирање на зелена инфраструктура (меѓусебно поврзани зелени коридори и јадра претставени со напоредно со комуналната инфраструктура
- субвенции за набавка на електрични и хибридни возила со високи еколошки стандарди.
- децентрализирано производство на електрична и топлинска енергија од страна на домаќинствата, комерцијалниот сектор и индустријата од обновливи извори на енергија;

- искористување на сите покривни површини за поставување на фотоволтаични панели во комбинација со покривни градиини;
- контрола на квалитетот на градежните материјали и

### 4.3.4. Дигитализација

Се повеќе е јасно дека дигиталните промени или дигиталната револуција, мора да станат клучна движечка сила во општествената трансформација. Трансформацијата кон концептот „одржливост за сите" мора да биде усогласена со нашите можности и со динамиката на дигиталната револуција која е една од целите на Агендата 2030 на Обединетите нации и на Парискиот договор. Дигитализацијата веќе станува еден од главните предизвици на одржливиот развој.

Дигиталните технологии можат на многу побрз начин да помогнат во декарбонизацијата во сите сектори (на пр. енергија, транспорт и индустрија), воспоставување на циркуларна економија, оптимално користење на ресурси и енергетска ефикасност, мониторирање и зачувување на еколошките и другите системи, образование, здравство, земјоделие, загадување на воздух, почва и вода, итн.

#### Приоритети на ДОМ во областа на дигитализацијата

- Образование и градење на човечки капацитети за новите дигитални технологии;
- формирање нова Агенција за дигитализација;
- фожност за иновации преку интензивна соработка помеѓу јавниот, приватниот сектор и академијата;
- ниски цени и универзален пристап до висококвалитетен и широкопојасен интернет;
- Е-услуги на сите нивоа:
  - Институција-Граѓанин
  - Институција-Бизнис сектор
  - Институција-Институција
- интернет финансии и плаќања за олеснување на е-трговијата;
- регулација на безбедност на идентитет и приватност на интернет согласно европските регулативи;
- мониторирање и управување со ресурсите преку имплементирање на дигитални системи;
- управување со енергетскиот сектор и намалување на потрошувачката и загубите на енергија преку имплементирање паметни енергетски мрежи во делот на производството, дистрибуцијата и потрошувачката;
- намалување на загадувањето со имплементирање на концептот „Smart City" и
- интернет системи (или „платформи") за здравствена заштита и образование.

## 4.4. ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

Туризмот е еден од приоритетите на ДОМ од основањето. ДОМ како зелена партија се залага развојот на туризам што ќе обезбеди зачувување на природниот, културниот и духовниот амбиент и ќе гради силни врски со локалното население. Екотуризмот обезбедува одржливост на дестинациите.

ДОМ поддржува развој на туризмот кој се грижи за животната средина, за флората и фауната, ги истакнува автохтоните вредности – архитектурата, пејзажот, музиката, фолклорот, храната, занаетите, обичаите, мултикултурализмот, односно сето она што нашите туристички дестинации ги прави различни од сите други.

Во изминатите десет години ДОМ интензивно работеше на реализацијата на своите заложби за развој на туризмот и ефектите се повеќе од очигледни: 1,3 милион туристи во 2019; 3,4 милиони остварени ноќевања, 400 милиони долари директен девизен прилив од туризмот во македонската економија. Туризмот станува една од приоритетните гранки за развој на економијата, со 15.000 работни места и 50.000 индиректни работни места во услужниот сектор поврзани со туризмот.

***ДОМ се залага за развој на алтернативните видови туризам, како руралниот, културниот, здравствениот, агри-туризмот, екотуризмот, гастрономијата, винскиот, и рекреативниот туризам, наспроти масовниот туризам. Екотуризмот во следните неколку години треба да преставува двигател на голем број општини во руралните делови, овозможувајќи директен финансиски бенефит за локалното население.***

### 4.4.1. Развој на екотуризмот – долгогодишна заложба на ДОМ

Македонија има извонредни предиспозиции за развој на екотуризмот, заради својата клима и релјеф, кој претставува ретка композиција на складно испреплетени високи планини бога¬ти со биолошка разновидност и интересни геоморфолошки форми.

Екотуризмот го придвижува локалниот економски развој преку директно вклучување на локалната заедница, создавање нови зелени работни места и појава на семејни бизниси поврзани со услужните дејности во туризмот, што влијае на намалување на миграцијата.

#### Приоритети на ДОМ во областа на алтернативниот и екотуризмот

- Изработка на национална стратегија за развој на руралниот и екотуризмот како приоритетни туристички форми значајни за локалниот економски развој;

- трансформирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Национална туристичка организација, со проширени ингеренции и активно креирање политики во туризмот;
- основање туристичка инспекција под надлежност на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот;
- нов модел на субвенционирање кој ќе даде поддршка за домаќинства и микро бизниси што даваат услуги за алтернативен туризам;
- едукација на локалното население за придобивките од еко-туризмот;
- отворање регионални центри за обука на локалното население како да создадат и понудат атрактивен туристички производ;
- создавање регионални тимови за изработка на проекти со цел подобро искористување на достапните финансиски средства од ЕУ и други донатори, а кои ќе обезбедат подобрена туристичка понуда и услуги во општините;
- дополнителни субвенции за зајакнување на македонскиот туристички сектор и подигање на квалитетот на сместувачките капацитети;
- формирање Дестинациски Менаџмент Организации- ДМО;
- подигање на квалитетот на туристичката понуда преку едукација;
- зајакнување на туристичкиот сектор и приближување кон светските стандарди;
- даночни олеснувања за инвеститорите кои ќе градат еко-туристички капацитети по сите светски стандарди за одржливост;
- стимулирање развој на домашниот туризам;
- субвенционирање на туристичките превозници при набавка на електрични возила;
- ставање во функција на детските одморалишта и планинарските домови;
- изградба на сообраќајна инфраструктура и означување на туристичките локалитети и уредување на паркинг стојалиштата согласно светски стандарди;
- развивање на транзитниот туризам и создавање услови за негово максимално искористување;
- нов закон за авто кампови;
- подобрување на квалитетот на сите сместувачки капацитети и постигнување на меѓународните стандарди на квалитет;
- интензивирање на соработката со дијаспората и привлекување на организирани групи туристи и инвеститори;
- субвенционирани програми за создавање хотелско-сместувачки капацитети со зелени еко ѕвездички;
- изучување на екотуризмот како посебна програма во средните училишта и факултетите за туризам и угостителство и
- подобрување на управувањето со животната средина во дестинациите.

## 4.5. ХРАНАТА И ЕКОТУРИЗМОТ

Храната, како и јазикот и музиката, постои како средство за изразување на културата и идентитетот на еден народ. Таа најпрвин задоволува биолошка потреба, но на крај станува длабоко симболичен културен артефакт што ги поврзува луѓето на различни нивоа.

### 4.5.1 ДОМ ја почитува и негува автентичноста

Под налетот на интензивното земјоделство и индустријата за храна, се уништува биолошката разновидност, древните техники и практики на производство. Тие треба да се истражат, документираат и задолжително да се вклучат во новата гастрономија, за да продолжат да живеат. Храната е емоција, а туризмот – игра со сетилата. Сето тоа што гостинот ќе го види, помириса и вкуси, ќе го чуе како приказна за храната, традицијата, местата и луѓето, трајно се врежува во неговите сеќавања, благодарение на емоцијата што ја понесува во себе.

Денес туристите претпочитаат поспецијализирани и поразвиени туристички искуства, така што гастрономскиот туризам може да се смета како една од новите туристички форми. Гостите во Македонија најчесто имаат пофални зборови за македонската кујна. Едноставно уживаат и се воодушевуваат на вкусовите што за нив се многу поразлични од оние на кои се навикнати. Сепак, нашите гости и соработници, гастрономи и новинари-истражувачи на нови гастрономски дестинации ќе забележат дека тоа што нашите мајки и баби го приготвуваат дома или се нуди како производ на зелените пазари од локалните производители е многу подобро од тоа што го нудат угостителските објекти. А, сите ја забележуваат и ја коментираат љубезноста. Да почнеме оттука со градењето на нашата гастрономска приказна.

Националната гастрономија е најдобар промотор на државата, а истовремено и алатка за развој на регионите и туризмот. Како да се „продаде“ приказната за македонската гастрономија?

### 4.5.2. Гастрономијата како туристичко доживување

Гастрономијата игра важна улога во развојот на туризмот бидејќи храната има централно место во туристичкото доживување. За да се понуди на најдобар и најсоодветен начин, потребни се истражувања на терен, добро разработени стратегии и едукација, не само на туристичкиот кадар, туку и развивање на свеста на сите нас за значењето на гастрономијата во туризмот.

Сѐ почнува од локалните жители, од нивниот квалитет на живот, способноста да бидат среќни и да ја почитуваат земјата на која живеат. Тогаш туристите ќе го најдат патот до нив. Значи, потребен ни е искрен и отворен пристап кон темата гастрономијата во туризмот, но и во понудата кон гостинот. За македонската храна се вели дека е подготвена

и послужена пред гостинот од срце и затоа таа ја „храни“ душата на гостинот. Традиционалните и органски производи што ги имаме во изобилство може да се подготвени и презентирани како секојдневен оброк во традиционална форма во гостилница или рурален туризам или како врвни гастрономски специјалитети, послужени на модерен начин во елитни ресторани по рецепти на познати шефови, кои внесуваат креација во подготовката. За таа цел, потребна е програма преку која ќе се едуцираат шефовите и персоналот за сериозно да може да одговорат на високите барања на гостинот.

### 4.5.3. Локалните производители како снабдувачи

Богатото поднебје и локалниот биодиверзитет се неисцрпни извори во креирањето уникатна гастрономска понуда. Секогаш е потребно да се истражуваат локалните производи, како и бројните диви или самоникнати видови. Употребата на свежи и квалитетни состојки и производи, директно набавени од производителите, рибарите, месарите и од занаетчиите што ги запазуваат традиционалните знаења/техники и работат со почит кон животната средина/благосостојбата на животните, се неопходни за одличен финален резултат.

### 4.5.4. Традиционалното знаење како инспирација

Знаењето на локалните производители и домаќинки за локалните рецепти, вештините на подготовка и стекнатите искуства треба да се искористат како основа и да им се даде нова форма во презентацијата. Познавањето на културата на храната е основа во градењето на приказната на производот или рецептот.

Мора да поддржиме локални производители кои бараат производи што исчезнуваат и да им ги нудиме на гостите, објаснувајќи им ја причината зошто е важно да ги заштитиме. Патувањето е како книга – секое ново место е нова страница, нова приказна и ново доживување. Туристите сакаат да истражуваат нови простори и култури и да доживеат нови и несекојдневни искуства. Доживувањата на местата за одмор преку вкусовите и приказните на локалната храна денес сè почесто се користат како алатка за привлекување повеќе туристи.

### 4.5.5. Промовирање на дестинации преку гастрономијата

***ДОМ смета дека туристичката дестинација е место што нуди голем број производи, услуги и искуства. Затоа, бараме нов модел на туризам, составен од посети и размени со фармери, рибари, занаетчии, пекари, винари..., заедно со готвачите што ги готват нивните производи, како и анимирање на производителите и нивно вклучување во понудата преку различни проекти на локалните власти, експертите и локалните организации.***

### 4.5.6. Во шопинг на гастро-сувенири

Автентичните производи од регионот неопходно е да се понудат во малите локални продавници за прехранбени производи во форма на гастро-сувенири, за посетителот да има можност да ги понесе со себе. Ваквите производи треба да се со врвен квалитет. Најчесто тоа се производи со „заштитена ознака за потекло“, добро позната шема на „брендирање“, која е застапена во повеќе европски земји и како регулатива е донесена и кај нас во националното законодавство, но за жал, досега не заживеа практично.

***ДОМ бара поддршка за семејните бизниси во руралните предели за развивање на маркетинг-стратегии за брендирање. Брендирањето дополнително ќе го зголеми интересот на посетителите за гастрономската понуда на дестинацијата.***

Поканите на познати новинари и гастро-блогери се одлична можност да се дознае повеќе за гастрономската дестинација и во глобални рамки. Сите тие се од помош во создавањето на концептот на туристичките производи и придонесуваат да бидат поуспешно продадени.

### 4.5.7. Пазари на локални производители

Зелената партија ДОМ дава голема поддршка на локалните производители како носители на заштита на традицијата, заштита на биодиверзитетот, ширење на културата на заедницата, развој на гастро туризмот. Со цел нивната улога да биде уште поголема потребно е да се заложиме за воспоставување на Пазари на локални производители кои ќе бидат мобилни и ќе се одржуваат во одредени временски интервали на одредени локации во населените места.

Овие пазари водени од заедницата се важни места за социјална средба, каде локалните производители им нудат здрава, квалитетна храна директно на потрошувачите по фер цени и гарантираат еколошки одржливи методи. Покрај тоа, тие ја зачувуваат храната како култура на локалната заедница и придонесуваат за заштита на биолошката разновидност.

Фокусот е ставен на малите земјоделци и занаетчиските производители, обезбедувајќи им можност во која тие не мора да се натпреваруваат со големите дистрибутивни ланци. Исто така, фаворизирано е и малото производство, бидејќи често дава резултати со висок квалитет. Од производителите се бара да наплатат фер цена за својата работа и да заложат фер третман на своите вработени. Клучен услов е продавачите да присуствуваат сами на пазарот и да продаваат само производи што самите ги произвеле. Бидејќи производителите се сретнуваат директно со клиентите, тие мора да бидат отворени и подготвени да зборуваат за нивниот производ и неговите квалитет. Производителите мора да доаѓаат од локалниот регион, во радиус определен за секој пазар.

***ДОМ инсистира храната да исполнува специфични критериуми за квалитет: свежа, сезонска локална, здрава и вкусна, да се произведува низ еколошки одржлив процес на култивирање, и да не содржи ГМО.***

## 4.6. ИНОВАЦИИ

Развојот на зелената економија зависи од степенот на инвестиции во нови технологии, истражување и иновации. Трансформацијата на производството е можна само преку:

- трансфер на технологии и иновации од развиените кон земјите во развој
- национални вложувања во истражувањето и технолошкиот развој
- поддршка на иновацискиот систем

### 4.6.1. ДОМ бара ефективно финансирање за поддршка на иновациите

Во Македонија има способни луѓе со иновативни идеи, кои во отсуство на механизми за поддршка, заминуваат во странство. ДОМ се залага за доделување на системска поддршка за развивање на иновациите и нивна трансформација во технолошки заснован бизнис. Оваа поддршка мора да биде достапна на иноватори, стартап-и и микро бизниси, но и на големи претпријатија што одлучиле да инсталираат иновативни чисти технологии. Поддршката за развој на иновации во индустријата може да креира додадена вредност на овие компании и да придонесе кон нивна зголемена конкурентност.

Меѓутоа, иновациите се многу повеќе од чисти технологии и ДОМ смета дека нашата економија, за да биде одржлива, не треба да зависи од странските инвеститори што се во потрага по евтина работна сила и даночни олеснувања во слободните економски зони; државата треба да овозможи финансиска подддршка за иновациите што го трансформираат светот и можат да имаат големо влијание во преминот кон зелената економија и тоа:

- Технологиите и апликациите за искористување и оптимизација на интегрирањето на обновливите енергии
- Апликациите за развивање на паметни решенија во домовите / зградите, сообраќајот, трговијата итн.
- Развојот на нови материјали
- Нови паметни бизнис и социјални иновации итн.

Последниот период Фондот за иновации и технолошки развој со различни финансиски инструменти ја поттикнува иновациската дејност во микро, мали и средни претпријатија и помага во остварувањето тех-

нолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и иновации.

### Приоритети на ДОМ во областа на иновациите

- Сеопфатна национална стратегија за трансфер на технологии и поддршка на иновациите
- Интензивирање на поддршката за трансфер на технологии и иновации
- Поефикасна соработка помеѓу надлежните институции, академијата, стопанската комора и граѓанскиот сектор, со цел поефективно искористување на достапните национални и меѓународни фондови
- Ревизија на наставните програми на факултетите за тие да фатат чекор со новите трендови на технолошкиот развој и развојот на социјалните иновации, како и новите бизнис модели
- Воспоставување соработка на универзитетите со меѓународни програми и професионалци заради поттикнување на иновациите
- Стипендирање на млади иноватори

## 4.7. ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

Зелени работни места се достоинствени работни места кои придонесуваат за социјална еднаквост и зачувување и унапредување на животната средина и климата.

Од аспект на животната средина, зелените работни места придонесуваат за:

- ефикасна употреба на ресурси
- намалување на отпадот
- намалување на аерозагадувањето
- заштита и ревитализација на екосистемите
- намалување на емисиите на стакленички гасови
- адаптирање на последиците од климатските промени
- зголемена енергетска ефикасност

Од аспект на „достоинственоста“ и социјалната еднаквост, овие работни места овозможуваат:

- солиден приход за работникот,
- безбедност на работното место,
- социјална заштита за семејствата,
- личен развој и општествена интеграција,
- простор за слободно изразување на своите грижи од работата,
- работниците да се организираат и учествуваат во одлуките кои влијаат на нивните животи,
- еднаква можност и третман за сите

### 4.7.1. Потенцијал за создавање зелени работни места

Зелените работни места бараат воведување на образовни програми за креирање вештини и професионални профили, кои се неопходни за развој на зелената економија. Освен развивањето на зелени профили и вештини, потребно е поттикнување побарувачка за зелените работни места на пазарот на трудот - во реалниот сектор – индустријата и комерцијалните дејности.

Зелените работни места се присутни во земјоделството, градежништвото, алтернативниот туризам, истражувачките дејности, управувањето со отпад, одведувањето и пречистувањето на отпадните води, контрола на емисиите на загадувачки емисии во воздухот итн. Голем потенцијал за создавање зелени работни места има примената на нови технологии, како што се производството на фотоволтаични панели, електрични возила, турбини на ветер, дигиталните технологии, енергетската ефикасност итн.

***ДОМ бара воведување програми за едукација, доквалификација и преквалификација, како и обезбедување финансиска или друга поддршка за компаниите за да се развие побарувачката за зелени работни места.***

### Приоритети на ДОМ во областа на создавањето работни места

- Адаптирање на постојните или воведување на нови профили во националната рамка на квалификации за зелени работни места;
- креирање нови работни места во производството на опрема за намалување и/или контрола на загадувањето;
- креирање нови работни места во услужните дејности, како на пример во алтернативниот туризам, органското земјоделско производство, производството на здрава храна итн.;
- креирање нови работни места во примената на паметни и иновативни технологии;
- креирање нови работни профили и низ образовниот систем, тренинзи организирани од работодавачите, самостојни обуки и тренинзи за полесно самовработување и
- преквалификација на работниците:
    - Што се вработени во индустриите кои користат фосилни горива да стекнат квалификации за работа во производствени капацитети што користат обновливи извори на енергија;
    - Што се вработени во камионски превоз за да добијат квалификации за други видови на тансспорт што како погонско гориво користи алтернативни горива;
    - Што се вработени во градежната индустрија за да добијат квалификации за операции поврзани со вградување на енергетски ефикасни материјали и опрема;

- Што се вработени во претпријатијата за управување со отпад за да стекнат квалификации за селектирање и/или преработка на отпадот

## 4.8. ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ

ДОМ смета дека вработувањето на младите има огромна важност се залага за актуелизирање и решавање на проблемите со младинската вработливост.

Невработеноста претставува еден од најгорливите социоекономски проблеми со кој се соочуваат голем број земји во Македонија. Невработеноста предизвикува сиромаштија и социјална несигурност. Значаен дел од младите лица се невработени, што носи висок ризик од нивна социјална исклученост.

Најголем број невработени млади лица поседуваат одреден степен на образование, заради што општеството не може да ги искористи претходните инвестиции во професионалната квалификација и образование на младата работна сила. Друг аспект што исто така е загрижувачки е фактот што голем дел од младите работат во неформалната економија, особено во секторите: градежништво, земјоделство, прехранбена индустрија и угостителски услуги.

***ДОМ ги поддржува мерките за зголемување на вработливост на младите што ги спроведува Владата, но смета дека се потребни уште пообемни вложувања и ангажирање на сите субјекти во општеството.***

### Приоритети на ДОМ во областа на вработливоста на младите

- овозможување механизми за сите млади да се стекнат со компетенции (знаења и вештини) што се барани на пазарот на трудот, преку обуки, тренинзи;
- усогласување на образовната понуда со потребите на бизнис-секторот преку креирање и спроведување образовни профили, насоки и компетенции што се барани на пазарот на трудот на локално и на национално ниво;
- континуирана анализа на вработливоста (employability) на дипломците со цел да се унапреди образовната ефективност;
- промоција на доживотното учење и стимулирање на личната одговорност за вклучување во континуирано образование и обука;
- поддршка на организациите, на комориte и на другите овозможувачи на неформално образование за минимум достапна понуда на обуки за „меки вештини“, како и компетенции, на локално и на национално ниво;
- промоција на практиката за преквалификација и доквалификација на кадар како дел од понудата на високообразовните ин-

ституции, како и понуда на вокациско образование и обука во согласност со пазарот на трудот, особено на локално ниво;

- поттикнување на култура на практикантство кај младите за време или веднаш по комплетирање на образованието, како и стимулирање на бизнис-заедницата за подобро користење на придобивките од практикантството;
- воведување финансиско образование како дел од основното образование и обука; интегрирање на претприемачкото образование и вредности во основното, во средното и во високото образование;
- специфични политики и олеснувања за самовработени млади и за бизниси водени од млади (намалени даноци, помалку административни обврски и сл.), како и обезбедување систематска поддршка (обука, советување, тренинг) за сите бизниси водени од млади во текот на првите 3 години;
- стимулирање на отворање на бизнис-инкубатори и центри за поддршка на нови бизниси.

Белешки

Белешки